Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Бр. 03-1828**
**19.12.2022 година**

До:
Членовите на
Наставно-научниот совет
на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје

Предмет: Поднесување на Извештај за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2022 година

Почитувани колеги,

Врз основа на членот 114 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија "бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија 178/21*)*, членот 243 од Статутот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 јуни 2019) и членот 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина (Универзитетски гласни бр. 460, 18 октомври 2019), Ви доставувам Извештај за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2022 година.

Со почит,

Декан
Проф. д-р Лазо Пендовски

Република Северна Македонија
Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ

| Примено: | 19.12.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 1828 | | |


# И З В Е Ш Т А Ј

за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје
при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2022 година

**Проф. д-р Лазо Пендовски**

Скопје, Република Северна Македонија

# СОДРЖИНА

1. Вовед ..... 3
1.1. Јубилеј „30 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје ..... 5
2. Наставно-образовна дејност ..... 12
2.1. Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина ..... 12
2.2. Самостојна пракса на студентите на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје ..... 16
2.3. Упис на нови студенти на додипломски студии во учебната 2021/2022 година ..... 20
2.4. Наставно-научен кадар, демонстратори, визитинг наставници и стручни лица од практиката во реализацијата на наставно-образовниот процес на ФВМС ..... 24
2.5. Последипломски студии – специјалистички студии ..... 32
2.6. Последипломски студии – докторски студии од трет циклус ..... 33
2.7. Континуирано образование ..... 37
3. Научно-истражувачка дејност ..... 45
3.1. Одржување на 9. Научно-стручен собир "Денови на ветеринарна медицина - 2022" ..... 52
3.2 Македонски ветеринарен преглед (Macedonina Veterinary Review) ..... 56
4. Применувачка дејност ..... 58
5. Инвестиции за развој на Факултетот ..... 61
6. Меѓународна соработка и активности на општествено ниво и мобилност на кадар и студнети ..... 69
7. Студентска организација и студентски активности ..... 78
8. Кадровска состојба на Факултетот ..... 79
9. Унапредување на условите и организацијата во финансиското работење со подобрување на материјалната состојба на Факултетот ..... 85
10. Работа на органите на управување на Факултетот ..... 90
11. Заклучок ..... 95

# 1. ВОВЕД

Врз основа на членот 114 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија "бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија 178/21), членот 243 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425 јуни 2019) и членот 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје (Универзитетски гласни бр. 460, 18 октоври 2019) деканот е должен еднаш во годината да поднесе извештај за работата до Наставно-научниот совет и до Ректорот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Извештајот за работата на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, проф. д-р Лазо Пендовски, за работата на Факултетот опфаќа дејствија кои се реализираа во 2022 година а се преставени активностите на Факултетот во сите области од неговото дејствување (настава, наука и апликација) со приказ на постигнатите резултати кои поради обемниот карактер во извештајниот период се истакнати само дел од нив, кои дирекно доприенсоа за унапредување на дејностите на Факултетот.

Работата на Деканот се одвиваше врз основа на позитивната законска легислатива, Законот за високото образование, актите на Универзитетот и Факултетот, поднесената програма за работа на деканот, Стратегија за развој на Факултеот 2018-2023, почитувајќи ги и применувајќи ги донесените акти на органите на управување на Деканатската управа и Наставно-научниот совет на Факултетот, со цел иден развој, унапредување и создавање на нови капацитети.

Главната цел и заложба во работата беше остварување на програмата за работа на деканот, исполнување на мисијата и целите на Факултетот, доследно претставување на Факултетот, почитување на академската слобода и креативност на наставно-научниот кадар, на студентите и на вработените на Факултетот, како и создавање на услови за иден развој.

Во извештајниот период деканот со членовите на Декантската управа, земајќи ги во предвид главните дејности на Факултетот, беа фокусирани кон:

- унапредување на студиските програми од интегрираните додипломски студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус на студии;
- подобрување на квалитетот на последипломските студии;
- потикнување и подршка на научната дејност на Факултетот и унапредување на меѓународната размена на наставно-научниот кадар и студентите;
- развој на апликативната (рименувачка) дејност на Факултетот преку:
  - проширување на листата на комитенти и потпишување на договори за извршување на апликативни услуги;
  - континуирано одржување на тековните и акредитација на нови методи по стандардот EN ISO/IEC 17025:2018 со проширување на опсегот на апликативната работа;
  - овозможување на континуирана обука на вработените за лабораториска дејност;
  - набавка на нова и современа опрема како и одржување на постојната опрема во лабораториите на Факултетот;
- развој и унапредување на дејностите во Универзитетската ветеринарна болница на Факултетот;
- постојана грижа за студентите и нивна поголема вклученост во наставниот, научно-истражувачкиот и апликативниот процес;
- постојана грижа за вработените преку отворање на можности за напредувања во наставно-научни и научни звања како и вработување на млад персонал;
- други активности кои произлегуваат од лагислативта по која работи Факултеот.

## 1.1. Јубилеј „30 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје“

Во воведниот дел на извештајот посебно го издвојувам свечено одбележување на јубилејот *„30 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје“* .

Факултетот за ветеринарна медицина е една од најмладите членки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје чиј патрон ден согласно Статутот на ФВМС е 14 ноември, денот на Светите Кузман и Дамјан. Факултетот е основан со одлука на Министерството за образование и физичка култура на 22.10.1991 година и со Одлуката на Владата на Република Македонија, со која на седницата одржана на 31.10.1991 година, дадена е согласност за започнување со работа на ветеринарните студии, како насока, на Земјоделскиот факултет во Скопје, од учебната 1991/1992 година.

Од тие причини, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 24.12.2021 година донесе Одлука бр. 0202-1817/6 за организирање на јубилеј *„30 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје”* како и Одлука бр. 0202-237/15 од 21.02.2022 година со која се формираа Организациските и Уредувачките одбори кои ќе ги преземат активностите за одбележување на јубилејот а кој ќе се одржи на “Денот на Факултетот” на 14.11.2022 година.

Членовите на одборите беа задолжени да предложат до Деканатската управа да се формираат тела за техничка подршка на организацијата на јубилејот по што е донесена одлука бр. 0201 – 1441/4 од 7.10.2022 година е со која се формира и Секретаријат за реализација на јубилејот.

Јубилејот се чествуваше со два настана:

- Едукативна сесија како дел од стратешката определба на Факултеот кон ЕАЕВЕ
- Свечена Академија

Едукативната сесија беше организрана како дел од континуираната едукација, пред се за вработените на Факултетот. Работилницата беше со наслов *„Нови модели и пристапи за унапредување на ветеринарната едукација"* која е тесно поврзана со стратешката определба на ФВМС кон полноправно членство во семејството на ЕАЕВЕ акредитирани установи.

На настанот, воведно обраќање имаше проф. д-р Лазо Пендовски, декан на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје а посебна чест на Факултетот даде проф. д-р Стефано Мартинот, Претседател на ЕАЕВЕ (Европска Асоцијација на Естаблишменти за Ветеринарна Едукација) кој недвосмислено ја истакна својата подршка на ФВМС како прв човек на оваа асоцијација и ги обединува акредитира ветеринарните естаблишменти во Европа. Проф. д-р Стефано Мартинот одржа предавање со наслов *"Унапредување на ветреинарна едукација во Европа"* и ги истакна клучните насоки по кои се равива веетринарната едукација во сите етаблирани ветеринрани установи и укажа на насоките кои треба да се имплемнтираат во сите наставни планови кај членките на ЕАЕВЕ. Дополнителен допринос кон едукативаната сесија имаше проф. д-р Тибор Барта, Проректор за меѓународна соработка при Универзитет за ветеринарна медицина во Будимпешта кој со своето предавање *"Усогласеност на потребите на стопанството и ЕАЕВЕ: нови предизвици во ветреинарната едукација"* ја истакна важноста на унапредувањето на квалитетот во едукацијата согласно потребите на стопанството и ги посочи насоките за промени кои треба да се имплементираат кај наставниот кадар а се кон барањата на новите генерации на студенти за кои е потребно прилагодување на едукативниот процес на секој ветеринарен факултет.

На настанот беа присутни проректорите на Универзитеот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ректори, декани и продекани на Ветеринарните факултети на Универзитетите во Будимпешта, Кошице, Љубљана, Загреб, Белград, Сараево, Истанбул, Стара Загора, Тирана, Софија, професори научни работници и соработници од Факултетот како и студенти.

Високите делегации од ЕАЕВЕ зедно со ректорите, деканите, продеканите присутни на настанот од странските ветеринрани исntитуции, извршија визита на капацитетите на Факултетот и го истакнаа своето задоволство од постигнатиот напредок кој според изјавите на претседателот на ЕАЕВЕ е со галопирачко темпо и дека Факултетот е на вистинскиот пат кон добивање на целосна акредитација од оваа асоцијација, изразувајќи ја поддршката за понатамошни реформи во оваа насока.

На денот на организацијата на јубилејот беше организирана Свечена Академија на која свои обраќања покрај деканот на Факултетот имаа и ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", проф. д-р Никола Јанкуловски, директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство д-р Николче Бабовски, Министерот за образование и наука при Владата на Р. С. Македонија проф. д-р Јетон Шаќири како и проф. д-р Стефано Мартинот, Претседател на ЕАЕВЕ.

На Свечената Акедемија приствуваа повеќе од 250 гости помеѓу кои угледни личности од институции од земјава со кои соработува Факултелот, истакнати професори и научни работници, професори во пензија, поранешни декани и директори, амбасадори на странски држави, директори од индустријта, директори и управители на ветеринарните друштва, колеги од Агенцијата за храна и ветеинарство како нашите студенти. Исто така беа присутни 21. декани и директори од единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, проректорите на УКИМ, како и бројни гости од странство, меѓу кои ги издвојувам: проф. д-р Ласзло Френио, Ректор Емеритус од Универзитетот за ветеринарна медицина во Будимпешта (Унгарија), проф. д-р Тибор Барта, проректор на Универзитетот за ветеринарна медицина во Будимпешта (Унгарија), проф. д-р Мира Мандоки преставник од ЕАЕВЕ во одборот на ВЕТЦЕЕ (Veterinary Continuous Education in Europe), проф. д-р Јана Мојзишова, Ректор на Универзитеот за ветринарна медицина и фармација од Кошице (Словачка), деканката на Ветеринарниот факултет, Универзитет во Љубљана проф. д-р Бреда Јаковац Страин, деканот на Факултетот за ветеринарна медицина,

Универзитет во Белград проф. д-р Милорад Мирилович, деканот на Ветеринарниот факултет, Универзитет во Сараево проф. д-р Мухамед Смајловиќ, деканот на Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитет во Стара Загора проф. д-р Тодор Стојчев, деканот на Ветеринарниот факултет, Универзитет во Тирана проф. д-р. Резарт Постоли, деканката на Ветеринарниот факултет, Универзитет во Софија проф. д-р Красимира Генова, преставник од Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитет во Истанбул проф. д-р Серкан Икиз.

На Свечената Академија исто така учествуваа директорите на Научните ветеринарни институти и истражувачки лаборатории од фрегионот и тоа: директорката од Научниот институт за ветеринарство – Србија проф. д-р Добрила Јакич Димич, д-р Миша Кларевич, директор на Ветеринарно специјалистички институт - Краљево, д-р Милош Петрович, директор на Ветеринарно специјалистички институт - Ниш, д-р Сава Лазиќ директор на Научни институт за ветеринарство - Нови Сад, д-р Никола Милутинувиќ директор на Ветеринарно специјалистички институт - Шабац, д-р Деан Лаушевич, директор на Спецјалистичка ветеринарна лабораторија – Подгорица, преставници од Институт за хигиена и технологија на месо, Белград како и преcтвници од областа на квалитетот и безбедноста на храната од Eurofins HOS Testing Bulgaria EOOD.

По повод јубулејот, Наставно-научниот совет донесе одлука бр. 0202-1573/4 од 7.11.2022 година за доделување на плакети на институции со кои соработува Факултетот и кои дале посебен придонес во неговиот развој, како и благодарници за пранешните декани на Факултетот и професори во пензија а по предлог на Комисијата за доделување на награди и признанија на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје формирана со Одлука бр. 0202 - 1454/2 од 17.10.2022 година согласно донесениот Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 600, од 4 март 2022 година).

Плакети и благодарнци беа доделни на:

- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
- Факултет за земјоделски науки и храна
- Медицински факултет
- Природно-математички факултет
- Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
- Институт за сточарство
- Економски институт
- Факултет за физичко образование, спорт и здравје
- Агенција за храна и ветеринарство
- Министерство за образование и наука
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Институт за Акредитација
- Ветеринарна Комора на Северна Македонија
- Амбасада на САД во Северна Македонија
- Ветеринарен факултет, Универзитет во Загреб
- Ветеринарен факулттет, Универзитет во Љубљана
- Факултет за ветеринарна медицина,Универзитет во Белград
- Факултет за ветеринарна медицина, Леснотехнически универзитет во Софија
- Факултет за ветеринарна медицина, Тракиски Универзитет во Стара Загора
- Ветеринарен факултет, Универзитет во Сараево
- Факултет за ветеринарна медицина,Универзитет во Тирана
- Факултет за ветеринарна медицина,Универзитет во Истанбул
- Хрватски ветеринарен институт - Загреб
- Институт за хигиена и технологија на месо - Белград
- Научен институт за ветеринарство - Србија
- Научни институт за ветеринарство - Нови Сад
- Ветеринарно специјалистички институт - Ниш

- Ветеринарно специјалистички институт - Краљево
- Ветеринарно специјалистички институт - Шабац
- Спецјалистичка ветеринарна лабораторија – Подгорица
- Eurofins HOS Testing Bulgaria EOOD

Благодарници по повод јубилејот „30 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје“ се доделени на:

- Проф. д-р Велимир Стојковски, редовен професор, в.д Декан (со мандат 2002-2003)
- Проф. д-р Влатко Илиески, редовен професор, в.д Декан (со мандат 2003-2004)
- Проф. д-р Јосеф Тосевски, редовен професор, Декан(со мандат 2004-2005)
- Проф. д-р Мишо Христовски, редовен професор, Декан (со мандат 2005-2009)
- Проф. д-р Дине Митров, редовен професор, Декан со мандат (2009-2015)
- Проф. д-р Владимир Петков, редовен професор, Декан (со мандат 2015-2017)
- Проф. д-р Михаил Данев, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Јован Бошнакоски, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Цветан Мицевски, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Никола Геру, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Димитар Кузмановски, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Дино Чрчев, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Михаил Адамов, редовен професор во пензија
- Проф. д-р Ристо Проданов, редовен професор во пензија

Благодарници по повод јубилејот „30 години од основањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје“, постхумно се доделија на:

- Проф. д-р Кирил Петков, редовен професор, Декан на ФВМС (со мандат 1994-1996)

- Проф. д-р Методија Додовски, редовен професор, Декан (со мандат 1996-2002)
- Проф. д-р Георги Мицковски, Директор на Ееринафрен институт (со мандат 1987-2004)
- Проф. д-р Коле Поповски, редовен професор
- Проф. д-р Зденко Маркиќ, редовен професор
- Проф. д-р Жарко Маџиров, редовен професор
- Проф. д-р Љупче Кочоски, редовен професор

Во текот на свеченоста беше промовирана монографија со наслов *„30 години Факултет за ветеринарна медицина – Скопје“*, книга која е капитално дело на Факултетот напишана на 425 страни со CIP - Каталогизација во публикација од Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје со бр. 378.4:636.09(497.711), ISBN 978-9989-774-40-9 и иденификација во COBISS.MK-ID 58453509.

На Свечената Академија беше промовиран и краток филм за Факултетот за ветеринарана медцина, подготвен за овој настан на кој се прикажани сите дејности и активности со наставата со студенти, работа во лабораториите и Универзитетската ветеринарна болница.

За споменување е и претходно снимениот документарен филм за почетоците на основањето на Факултеотот инициран од Деканатската управа а снимен од страна на Македонската Радио Телевизија кој беше емитуван на повеќе пати во редовните термини за сите гледачи во РС Макдонија.

Овие записи се од трајна вредност и се поставени на јавните социјални мрежи со што се врши перманентна промоција на нашата институција и е една од задачите на деканот и Деканатската управа со цел зголемување на видливоста на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

# 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Наставно-образовната дејност има највисок приоритет во работата на деканатот земајќи во предвид тоа е основната дејност за која е основан Факултетот за ветеринарна медицина -Скопје.

Како и секоја учебна година и оваа година особено внимание се посвети на имплементација на едукативните процеси за потребите на студентите по ветеринарната медицина засновани врз принципите на Болоњскиот процес, Законот за високо образование и Европските директиви за ветеринарна едукација со што се овозможи наставата да се одвива непречено и соодветно за профилот на ветеринарната медицина.

## 2.1 Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина

Изведувањето на додипломските студии како основна задачи на наставно-научните кадри на Факултеот во изминатиот период успешно се реализира.

Придонес кон ова се Одлуките од Наставно-научиот совет од позитивните евалуациски извештаи од студнетските анкети (бр. 0202-412/2 од 30.03.2022 год., и бр. 0202-1376/7 од 3.10.2022 год.,) со кои се се усвоија извештаите за летен семестар во учебната 2020/2021 година, за зимски семестар во учебната 2021/2022 година како и за летен семестар во учебната 2021/2022 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје кои редовно се спроведуваат на крајот од секој семестар од страна на Комисијата за самоевалуација а се усвојуваат од Наставно-научниот совет на Факултетот.

Согласно програмските определби, во мандатниот период се правеа напори за унапредување на наставно-образовниот процес.

Студентскиот календар на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје во учебната 2021/2022 година е усвоен со што распоредот на наставата е усогласен со универзитетскиот календар на активности (Одлука бр.0202-1178/2 од 31.08.2022 година). Исто така со Одлука бр.0202-1178/3 од 31.08.2022 година се усвои распоредот на работни задачи на наставниците и соработниците на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за учебната 2022/2023 година, распоредот за предавањата и вежбите со време и место на одржување на наставата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за академската 2022/2023 година, заедно со списокот за покриеност на наставата на додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2022/2023 година, распоредот на термини за пријавување на испитите и на термините на проверки на знаење со испитни рокови на додипломските студии на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за учебната 2022/2023 година (Одлуки бр. бр.0202-1178/3-1 до 3-3, од 31.08.2022 година и бр. 0201 - 1376/6 од 3.10.2022 година). Овие информации редовно се ажурираат на интернет страната на Факултетот а сето тоа овозможи поефективен режим на студирање и можност за поуспешно совладување на наставните дисциплини на студентите во текот на студиите.

И оваа година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202 — 237/6 од 21.02.2022 година со која ги утврди потребите за распишување Конкурс за запишување студенти во прва година во учебната 2022/2023 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за студиската програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на македонски јазик и англиски јазик. Дополнително беше донесена и Одлука бр. 0202 — 237/9 од 21.02.2022 година со која се утврди и цената на студирање на студиската програма од интегриран прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за секоја студиска програма одделно. Одлуките се доставени до Универзитетот за понатамошна постапка.

Со цел доследно спроведување на начинот на изведување на наставата во извештајната година донесена е Одлука бр. 0201 - 1376/4 од 3.10.2022 година со која се доусогласува начинот на одржување на наставата на Факултеот. Според одлуката, наставата може да се изведува од комбиниран тип, односно настава со физичко присуство и/или настава од далечина со примена на електронска комуникација а опсегот на наставата со физичко присуство, односно наставата од далечина со примена на електронска комуникација го одредува секоја катедра, односно наставник поединечно за секој одделен предмет. Наставата со физичко присуство се определи дека ќе може да се изведува во мали групи и во простории со соодветен капацитет и намена на Факултетот во кои во еден термин ќе може да присуствуваат само ограничен број студенти. Наставата од далечина останува со примена на електронска комуникација (предавања и вежби) преку платформата Microsoft Teams. И оваа година предметните наставници се задолжуваат да определат термини за консултации со студентите и тоа 4 часа седмично во текот на целата учебна година. И одбраните на дипломските и докторските трудови на Факултетот се опфатени со Одлуката каде се предвидува да се одвиваат комбинирано со физичко присуство и/или со посредство на електронска комуникација.

Сите облици на настава со физичко присуство (теориска, практична, клиничка, теренска, екстрамурална), проверките на знаењето со физичко присуство (континуирани проверки, тестови, завршен испит) и одбраните на дипломските и докторските трудови на Факултетот се спроведуваа се уште согласно важечките протоколи, упатства и одлуки за превенција на ширење на болеста Ковид 19, донесени од Кризниот штаб на Факултетот, актите на Универзитетот и од Владата на Република Северна Македонија кои ги уредуваат прашањата поврзани со превенција и заштита од болеста Ковид 19.

Во извештајниот период почнат е процес за реакредитација на студиската програма на додипломски студии по Ветеринарна медицина – интегрирани студии од прв и втор циклус пришто формирана е Комисија за изготвување на предлог – проект за акредитација на студиска програма од интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од страна на Наставно-научниот совет (Одлука бр. 0202-412/6 од 30.03.2022 година). Комисијата е со задача да ја прилагоди новата студиска програна во согласност со законските препораки за нејзино приспособување со постојната легислатива. Во проектот за повторна акредитација на интегрираните студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус се земени во предвид препораките од Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (European Association of Establishments for Veterinary Education – EAEVE) штп е во склад со Европските директиви за ветеринарна едукација (2005/36/ЕС и 2013/55/ЕС). Планирано е истата да биде 6 годишни студии и да опфаќа едносеместрални предметни програми.

Тука сакам да истакнам дека за реализацијата на наставно-образовната дејност, веќе подолго време Факултетот се соочува со дефицит на соработнички кадар. Како проблем сѐ уште претставува кадровската екипираност на одредени катедри за што се превземаат активности кои верувам дека во идниот период ќе ги надминеме.

Но, и покрај ваквиот проблем наставата целосно се реализираше со безрезервниот ангажман на целиот наставно-научен и соработнички кадар, на демонстраторите како и на наставниците ангажирани од другите единици на УКИМ.

На крајот би сакал да истакнам дека како декан и понатаму ќе се заложувам овие процеси да продолжат со цел унапредување на наставниот процес и издигнување на квалитетот на студирањето на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје кое треба и може да се подигне само со

ефикасен модел на финансирање кој произлегува од реалните потреби, а важен предуслов за успешно решавање на овој проблем е донесување на предлог-мерките за финансирање на високото образование врз основа на индикатори за реално чинење на образованието на одредени профили, во кои припаѓа и вреднувањето на наставата како главна одлика на Факултетот за ветеринарна медицина.

## 2.2 Самостојна пракса на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје

И оваа година за студентите е овозможена самостојна пракса надвор од рамките на Факултетот која има за цел да им овозможи на студентите да ги стекнат своите практични искуства директно од ветеринарните практичари и да се запознаат со секојдневната работа и обврски во ветеринарната пракса. Праксата се изведува во ветеринарна амбуланта/клиника/болница со која Факултетот има склучено договор за соработка. Студентот во текот на праксата, води забелешки на сите активности во работниот дневник кој го потпишува одговорното лице (практичар). Работата за време на праксата е главно поединечна на различни видови пациенти, во придружба на овластениот ветеринар практичар. Студентите се обврзани да прикажат соодветно ниво на знаења и вештини кои ќе ги применат во текот на праксата. Самостојната пракса се изведува по отслушување на 10$^{от}$, односно во 11$^{от}$ семестар и претставува услов за пристапување кон изработка и одбрана на дипломски труд.

Со цел непречено изведување на студентската пракса, Факултетот за ветеринарна медицина од Скопје во изминатиот период го зголеми бројот на договорите за изведување на пракса во организации кои се сакаат да примат студенти на пракса а кои имаат соодветни услови за изведување на праксата.

Така во 2022 година постоечката листа на договори е проширена со 38 нови субјекти:

1. Ветеринарна амбуланта ВЕТ-МЕДИКА З и А, со седиште на ул. 101 ББ, општина Јегуновце,Тетово (број 03-1734 од 29.11.2022 год.);
2. Ветеринарна амбуланта Миленици, со седиште на ул. Вич бр.28 (број 03-1723 од 28.11.2022 год.)
3. Грин Стрит Вет Практис, со седиште на ул. 14 бр. 5, Тетово (број 03-1515 од 20.10.2022 год.);
4. ДООЕЛ Ветеринарна станица Виница, со седиште на ул Илинденска бр. 96, Виница (број 03-1410 од 03.10.2022 год.);
5. ЗОО Медика ДОО, со седиште во с. Кукуречани – Битола, (број 03-1409 од 03.10.2022 год.);
6. ДООЕЛ Ветеринарна станица Д-р Лашкоски, со седиште на ул. Стеван Димоски Ништакот бр. 11, Прилеп (број 03-1255 од 05.09.2022 год.);
7. Ветеринарна амбуланта Д-р. Марин Величковски, со седиште на ул. Васко Каранѓелески бр. 9, Скопје (број 03-1243 од 01.09.2022 год.);
8. Ветеринарна амбуланта ПЕТ ВЕТ, со седиште на ул. Ѓорѓи Абаџиев 12, Скопје (број 03-1230 од 30.08.2022 год.);
9. ДВУ Ветеринарен Центар ДООЕЛ, со седиште на ул. Козара бр. 64/1, Скопје (број 03-1087 од 27.07.2022 год.);
10. Ветеринарна амбуланта Винивет Плус, со седиште на ул. 256 бр. 6, Марино, н. Илинден (број 03-1088 од 27.07.2022 год.);
11. Ветеринарна амбуланта ПЕТ-ВЕТ АЕРО ДООЕЛ, со седиште на бул. Јане Сандански бр. 61, Скопје (број 03-1060 од 19.07.2022 год.);
12. Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, со седиште на ул. Архимедова бр. 3, Скопје (број 03-1009 од 12.07.2022 год.);
13. Ветеринарна амбуланта Др. Глигоровски и Др. Мержановска, со седиште на ул. Шумадиска бр. 6, лок. 2, Скопје (број 03-953 од 30.06.2022 год.);

14. Ветеринарна амбуланта ПРОВЕТ-НГ ДООЕЛ, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 22/3, Негорци, Гевгелија (број 03-954 од 30.06.2022 год.);
15. Ветеринарна амбуланта Климе ДООЕЛ, со седиште во с. Требениште, Охрид (број 03-835 од 06.06.2022 год.);
16. Панда –Вет ДООЕЛ, со седиште на бул. Видое Смилевски Бато бр. 39 (број 03-817 од 03.06.2022 год.);
17. Ветеринарна станица Здравје ДОО, со седиште на ул. Јоаким Крчовски 12, с. Облешево (број 03-602 од 20.04.2022 год.);
18. Ветерина Д-р Стојчевски, со седиште на ул. Бутникошарева бр. 54, Велес (број 03-549 од 14.04.2022 год.);
19. Ветеринарна амбуланта Ташковски, со седиште на ул. Љубљанска бр. 32, Велес (број 03-493 од 05.04.2022 год.);
20. ДОО Вет Спирит – Охрид, со седиште на ул. Славеј Планина бр. 12, Охрид (број 03-434 од 28.03.2022 год.);
21. ДПТУ Др. Ичков ДООЕЛ, со седиште на ул. Кукушка бр. 7, Богданци, (број 03-422 од 24.03.2022 год.);
22. Анимал Ресорс Нетворк ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Видое Смилевски Бато бр. 41, Скопје (број 03-420 од 24.03.2022);
23. Ветеринарна клиника Ино-Вет - Куманово, со седиште на ул. 205 бр. 4, Куманово, (број 03-283 од 24.02.2022 год);
24. Ветеринарна клиника Анимал Кеар клиник, со седиште на ул. Кавала 1, Битола (број 03-284 од 24.02.2022 год);
25. ЈУ Зоолошка градина на град Скопје – Скопје, со седиште на бул. Илинден 88, Скопје, (број 03-222 од 14.02.2022 год);
26. Ветеринарна амбуланта Вет Медика ЗОВИ, Скопје, со седиште на ул. Радишанска бр. 154 Скопје, (број 03-1464 од 14.10.2021);
27. Друштво за ветеринарни услуги и трговија „Вет Свет“ ДОО – Скопје, со седиште на ул. Никола Тримпаре бр. 27, Скопје, (број 03-1463 од 14.10.2021 год.);
28. Трговско друштво „Гоче и Цоле“ ДОО, Штип, со седиште на ул. Борис Крајгер бб, Штип, (број 03-1144 од 23.08.2021 год.);

29. Друштво за производство, трговија и услуги „Пан Вет“ ДООЕЛ, с. Кадино, со седиште на ул. 10/32А, с. Кадино, Илинден, од Скопје (број 03-878 од 25.06.2021 год.);
30. Ветеринарно друштво „Труст Вет“, Гостивар, со седиште на бул. Б. Ѓиноски бб., Гостивар, (број 03-760 од 4.6.2021 год.);
31. „Прима Вет“, с. Требеништа, со седиште во с. Требеништа (Дебарца), (број 03-761 од 04.06.2021 год.);
32. Друштво за производство, трговија, транспорт и ветеринарни услуги „Ветеринар ДК“ ДООЕЛ, с. Брвеница, со седиште во с. Брвеница (Тетово), (број 03-552 од );
33. Друштво на промет и услуги „Вет Тим“ ДООЕЛ, со седиште на ул. Живко Фирфов бр. 59, Скопје, (број 03-308 16.03.2021 год.);
34. ТД Ветанал Скопје, Ветеринарна амбуланта „Др. Налетоски“, со седиште на бул. Ѓорче Петров бр. 36, Скопје, (број 03-1496 од 20.11.2020 год.);
35. Друштво за услуги, трговија и производство увоз-извоз ДООЕЛ .„Маја-Тамара-Вет“, со седиште на ул. Македонски просветители бб, Охрид, (број 03-1388 од 21.10.2020 год.);
36. Земјоделски комбинат „Пелагонија“ АД Битола, со седиште на ул. Новачки пат, бр. 11, Битола, (број 03-2010 од 08.11.2019 год.);
37. Друштво за ветеринарна дејност, трговија и услуги „Зебра ветерина“ увоз-извоз ДОО, пордружница Кичево, со седиште на ул.Битолска бр. 7а, Демир Хисар, (број 03-1943 од 29.10.2019 год.);
38. Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги „Бар-Вет“ увоз-извоз ДООЕЛ, со седиште на ул. 1 Мај бр. 243, Битола, (број 03-1166 од 25.06.2019 год.).

## 2.3 Упис на нови студенти на додипломски студии во учебната 2021/2022 година

Земајќи го во прредвид значењето на уписот на нови студенти а и проблемите со кои се соочуваше Факултетот во изминатите 10 години, Деканатската управа на Факултетот за ветеринарна медицина на предлог на продеканот за настава и во соработка со Центарот за кариера, формира Комисија за промоција на ФВМС (Одлуки на ДУ бр. 0201 –554/9-11 од 18.04.2022 год.). Дополнително Деканатската управа уште во претходната година спроведе јавна набавка бр. 13019/2021 за набавка Услуги од Агенција за ПР промоција за осмислување и спроведување на ПР кампања за промоција и зголемување на бројот на нови студенти за учебната година 2021/2022 за студиските програми од додипломски студии по ветеринарана медицина на програмата на македонски јазик и на англиски јазик, студиската програма на специјалистички студии по безбедност на храна, докторски студии по ветеринарна медицина и безбедност на храна со осмислување и спроведувањна ПР кампања за промоција на лабораториски и здравствено-ветеринарни услуги кои ги нуди Факултетот.

Комисијата заедно со ПР агенцијата превзедоа засилени пропагандни активности за информирање на матурантите со можностите кои им се нудат за студии на ФВМС. За промотивните активности се изготвени рекламни банери, флаери, летоци, постери и брошури во кои се опишани условите за студирање и истите се поделени на матурантите. Факлултетот за време на промотивните активности во месец мај ги презентираше своите капацитети на средношколци од неколку средни училишта од РС Македонија отворајќи ги своите врати за нивна посета. Промоција на студентските програми е направена и преку социјалните мрежи. Организирани на контакти и промоција со странски агеции (за студиите на англиски ајазик) кои овозможуваат промоција на студиски програми во странство, направена е промоција на Facebook и Instagram профилот на Факултетот на дневно ниво

со осмислување на промоции, осмислени се сценариа, фотографирања, снимања, монтажа и изработка на кратки видио записи со промотивен карактер, подготвени се графички дизајни на електронски каталози/брошури/флаери за електронска промоција а организирани се и неколку на он-лине настани за промоција. Исто така снимен е документарен филм, медиа клипинг и многу други активности и тоа во периодот пред, за време и по одржувањето на овие манифестации.

Како резултат на превземените активности во последните години бројот на запишни студени е зголеми и се исполнија предвидените квоти што претставува сериозен успех за кој активно се залага и перставува приоритет на Деканатската упрва.

Понатаму, во извештајниот период во рамките на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје а во соработка со Центарот за кариера беше организиран промотивен настан под наслов *“Отворени денови на Факултетот за ветеринарна медицина”* кои се одржаа на 13 и 14 мај 2022 год., наменети за средношколци кои имаа можност да ги посетат просторните капацитети на Факултетот.

Воведно излагање имаше проф. д-р Благица Сековска, која ги запозна средношколците, идни студенти за можностите кои ги нуди професијата Доктор по ветеринарна медицина. Потоа, проф. д-р Ксенија Илиевска како продекан за настава, накратко ја презентираше студиската програма на додипломските интегрирани студии од прв и втор циклус на Факултетот за ветеринарна медицина и активностите на студентите во тек на студиумот.

По воведните предавања, средношколците имаа можност да ги посетат бројните лаборатории, вежбални, предавални, како и Универзитетската ветеринарна болница и подетално да се запознаат со начинот на одржување на наставата презентирана од страна останатите членови на Комисијата за промотивни активности.

Во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на два наврати беше организиран настан *“Отворен ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје* и тоа на 19 август и 02 декември 2022

година. Во рамките на настаните, присутните средношколци подетално се запознаа со студиските програми, можностите за доделување на стипендии, активностите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, како и можностите за меѓународна размена и мобилност на студенти, кариера и сл.

Конкурсот за запишување на нови кандидати во учебната 2022/2023 година беше спроведен од Конкурсната комисија (Одлука на ННС бр. 0202-852/8 од 17.06.2022 година). Беа реализирани 3 уписни рока. Пријавувањето на кандидатите и поднесувањето на документите оваа година за разлика од минатата, се вршеше комбинирано електронски преку он-лајн апликацијата iKnow и со физичко присуство. Рангирањето на пријавените кандидати и подготовката на ранг листите според вкупниот збир на бодови, беше изведено согласно Конкурсот и Упатството изадени од страна на Ректоратот (Универзитетот).

Во првиот уписен рок се пријавија вкупно 31 кандидати. Од нив, според одредбите на Конкурсот, 29 кандидати приложија документи и истите се запишаа како студенти на ФВМС во државната квота (со делумна партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност). Исклучок беа 10-те прворангирани кандидати, кои согласно со Одлуката за доделување на стипендии на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 02-654/21 од 31.05.2022 година, донесена од страна на Универзитетскиот Сенат, им е доделена еднократна стипендија во висина на партиципацијата утврдена со Конкурсот за учебната 2022/2023 година.

Во вториот уписен рок електронски се пријавија 5 кандидати, од кои сите 5 приложија документи и се запишаа како студенти на ФВМС во државната квота (со делумна партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност).

Во третиот уписен рок не се пријавиај кандидати.

Збирно, на ФВМС како бруцоши во учебната 2022/2023 година се запишани следниве 34 студенти со делумна партиципација од 200 евра годишно, во денарска противвредност.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 3.10.2022 година донесе Одлука бр. 0202 - 1376/2 со која се усвои Извештајот за уписот на студенти на интегрираниот прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во учебната 2021/2022 година согласно поднесениот Извештај од Конкурсната комисија за запишување на студенти во прва година на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во учебната 2022/2023 година бр. 03-1403 од 30.09.2022 година.

Посебно сакам да истакнам дека за прв пат на Факултетот за ветеринарна медицина во учебната година 2022/2023 е запишан студент на додипломските интегрирани студии од прв и втор циклус на програмата на англиски јазик. Станува збор за студентот Јагиз Ојар од Турција а тоа се должи на зголемите промотивни активности и несебичното залагање на продеканот за настава проф. д-р Ксенија Илиевска заедно со превземните актовности на Комисијата и ПР агенцијата.

Со тоа бројот на запишани студенти на ФВМС во учебната 2022/2023 година изнесува 35.

Традицииoнлно, во рамките на чествувањето на годинешниот јубилеј, на 15 ноември 2022 година на пригоден начин беа доделени дипломите на дипломирани студенти, во свечени одори кои ги носат обележјата на Факултетот и Универзитетот.

## 2.4 Наставно-научен кадар, демонстратори, визитинг наставници и стручни лица од практиката во реализацијата на наставно-образовниот процес на ФВМС

Во извештајниот период, Деканот покажа постојана грижа за вработените и отворање на можности за избори во звања со што се распишани редовни конкурси за шест (6) лица за избор во повисоки звања согласно Законот за високо образование.

Земајќи во предвид за реализацијата на наставно-образовната дејност веќе подолго време Факултетот се соочува со дефицит на соработнички кадар а како проблем сè уште претставува кадровската екипираност на одредени катедри кои немаат асистенти по иницијатива на деканот и Деканатската управа се донесени Одлуки од страна на Наставно-научниот совет со кои се утврдени потреби од наставници во сите наставно-научни звања во неколку области и тоа: наставно -научната област 40710 – Болести на преживни животни, во наставно -научната област 40711 – Болести на непреживни животни, во наставно -научната област 40731 – Управно ветеринарство и 50624 – Управно право, наставно -научната област 40725 – Терапија и здравствена заштита на животни и потреба од 2 (два) истражувачи во сите научни звања во наставно -научната област 407285 – Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло.

Со цел подобрување на наставниот процес и оваа година приоритет на Декантската управа беше вклучувањето на демонстратори во наставно-образовнот процес согласно Законот за високото образование и актите на Универзитетот и Факултетот. Оваа мерка му овозможува на Факултетот а особено на одделни катедри значително унапредување на високообразовната активност.

Така, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1178/11 од 31.08.2022 година за утврдување на потреба за демонстратори на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за распишување на интерен

Оглас за избор на избор на демонстратори како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2022/2023 година, и тоа по барања подесени од следните катедри:

- Катедрата за функционална морфологија- 3 демонстратори
  
  Предмет: Хистологија со ембриологија (1)
  
  Предмет: Анатомија (1)
  
  Предмет: Физиологија на животни (1)
- Катедра за одгледување на животни — 1 демонстратор
  
  Предмет: Сточарство
- Катедрата за паразитологија и паразитарни заболувања - 2 демонстратори
  
  Предмети: Паразитологија и Паразитарни заболувања
- Катедрата за Внатрешни болести на домашни миленици и копитари - 2 демонстратори
  
  Предмети: Внатрешни болести на домашни миленици и копитари и Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни милениции копитари
- Катедрата за Внатрешни болести на преживни животни - 2 демонстратори
  
  Предмети: Внатрешни болести на фармски животни, Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни
- Катедрата за визуелни дијагностички методи - 1 демонстратор.
  
  Предмети: Визуелни дијагностички методи,
- Катедрата за заразни болести и епидемиологија - 1 демонстратор.
  
  Предмет: Заразни заболувања кај домашните животни
- Катедрата за патофизиологија - 1 демонстратор.
  
  Предмет: Патолошка физиологија
- Катедра за патолошка морфологија - 1 демонстратор.
  
  Предмет: Патолошка морфологија

- Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч — 3 демонстатори

  Предмети: Биологија и патологија на дивеч, Биологија и патологија на риби и Биологија и патологија на пчели

- Катедра за анимална хигиена и заштита на животна средина – 1 демонстратор

  Предмет: Анимална хигиена

- Катедра за репродукција на животните – 1 демонстратор

  Предмет: Репродукција кај животните

- Катедра за ветеринарна хирургија – 1 демонстратор

  Предмети: Општа хирургија со анестезиологија, Офрамологија, Специјална хирургија

- Катедра за биохемија и биологија на клетка – 1 демонстратор

  Предмети: Биологија на клетка и клиничка биохемија

За спроведување на огласот се формира и Комисија за избор во состав од проф. д-р Ксенија Илиевска, проф. д-р Искра Цветковиќ и доц. д-р Мирослав Ќосевски.

Врз основа на поднесениот Извештај на комисијата со бр. 03-1402 од 30.09.2022 година, наставно научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1376/3 од 3.10.2022 година за избор на 9 (девет) демонстратори на ФВМС како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2022/2023 година, и тоа:

| Име и презиме | Назив на предмет |
|---|---|
| 1. Ненад Димковски | Физиологија на животните (Катедра за функционална морфологија) |
| 2. Ива Тасевска | Патолошка физиологија (Катедра за патофизиологија) |
| 3. Методи Илиески | Сточарство (Катедра за одгледување на животни) |
| 4. Спиро Божиноски | Патолошка морфологија (Катедра за патолошка морфологија) |
| 5. Елисавета Лукановска | Заразни заболувања на домашните животни (Катедра за заразни болести и епидемиологија) |
| 6. Емилија Мурџева | Внатрешни болести за домашни миленици и копитари (Катедра за внатрешни болести за домашни миленици и копитари) |
| 7. Анастасија Анѓеловска | Внатрешни болести за домашни миленици и копитари (Катедра за внатрешни болести за домашни миленици и копитари) |
| 8. Стефан Тековски | Биологија и патологија на дивеч (Катедра за биологија и патологија на риби, пчели и дивеч) |
| 9. Бојана Чапкуновска | Паразитологија и паразитарни заболувања (Катедра за паразитологија и паразитарни заболувања) |

Избраните демоснтратори се помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во 2022/2023 година за што поденсуваат извештаи до Продеканот за настава за извршените работни задачи кои се потврдени од нивните матични професори на катедрите каде се избрани и помагаат во во изведување на наставно-образовниот процес.

Избраните демонстратори согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018) имаат потпишано договори за нивните активности согласно одлуките на органите на управување на Факултетот.

Исто така, во извештајниот период, наставата на Факултетот беше збогатена со вклучувања на 8 (осум) нови визитинг-професори (според програмата на УКИМ) за кои постапката е завршена и се добиени соодветни одлуки од органите на Универзитетот. Во 2022 година се вклучени:

| **Име на визитинг наставник** | **Матичен универзитет** | **Научно подрачје (ОЕЦД)** | **Предмет на кој ќе биде ангажиран** | **Семестар во кој се планира престојот** | **Олдука на ННС** |
|---|---|---|---|---|---|
| Проф. д-р Андреј Кирбиш | Универзитет во Љубљана, Р. Словенија, Ветеринарен факултет | Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло 40728 | Хигиена и технологија на месо, риби и јајца и мед Хигиена и технологија на млеко | зимски/ летен | Бр.0202-412/10 30.03.2022 година |
| Проф. д-р Ненад Турк | Универзитет во Загреб, Р. Хрватска, Ветеринарен факултет | Заразни болести 40717 | Заразни заболувања кај домашните животни | зимски/ | Бр.0202-412/10 30.03.2022 година |
| Проф. д-р Ален Славица | Универзитет во Загреб, Р. Хрватска, Ветеринарен факултет | Болести на риби, пчели и дивеч 40714 | Биологија и патологија на риби Биологија и патологија на дивеч | летен | Бр.0202-412/10 30.03.2022 година |
| Проф. д-р Даниела Хорватек Томиќ | Универзитет во Загреб, Р. Хрватска, Ветеринарен факултет | Болести на живина 40713 | Болести на птиците | летен | Бр.0202-412/10 30.03.2022 година |
| Проф. д-р Артур Ниецвец | Универзитет во Вроцлав, Полска Факултет за ветеринарна медицина | Болести на непреживни животни 40711 | Внатрешни болести на домашни миленици и копитари | зимски/ летен | Бр.0202-412/10 30.03.2022 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Проф. д-р Борис Пиркиќ | Универзитет во Загреб, Р. Хрватска, Ветеринарен факултет | 40719- Хирургија 40720 - Офталмологија | -Офталмологија -Специјална хирургија | зимски/летен | Бр. 0202-1178/16 31.08.2022 година |
| Проф. д-р Мухамед Смаиловиќ | Универзитет во Босна и Херцеговина, Ветеринарен факултет | Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло | -Безбедност на храна и -Ветеринарно јавно здравство | зимски/летен | Бр. 0202-1376/9 3.10.2022 година |
| Проф. д-р Милорад Мириловиќ | Универзитет во Белград, Ветеринарен факултет, Србија | Економика на ветеринарство, биостстистика и менаџмент | 1. Биостатистика 2.Основи на менаџмент на ветеринарна практика | зимски/летен | Бр. 0202-1454/8 17.10.2022 година |

Покрај визитинг наставниците, а врз основа на член 62 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година) и член 181 од член 180 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и и „Сл. Весник на РСМ “ бр. 178/2021), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 31.08.2022 година ја донесе Одлука бр. 0202-1178/17 од 31.08.2022 година за ангажирање на истакнат стручњак од практиката (Проф. д-р Горан Николовски, вработен во Vet-Care во Дубаи, Обединети Арапски Емирати) за вршење високообразовна дејност во учебната 2022/2023 година за одделни делови од наставните предмети Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари Внатрешни болести на домашни животни и копитари.

Постапките за горенаведените визитинг проесори и стручното лице од птрактиката се потврдени од телата на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Врз основа на донесените одлуки, во 2022 година, извештајниот период, наставата на Факултетот беше збогатена со предавања од визитинг-професори (според програмата на УКИМ) и гости професори врз основа на потпишани билатерални договори и/или по покана чии предавања на

студентите им овозможија да ги слушнат најновите сознаниа пренесени од искусни професори во областа на ветеринарната медицина.

Следните професори одржаа предавања на ФВМС:

1. Проф. д-р Давид Шандор Киш, од Универзитетот за Ветеринарна медицина во Будимпешта, визитинг-професор на предметот Физиологија на животните, огласно одлуката на Наставно-научниот Совет (0202-1817/5 од 24.12.2021 год.) и одлуката на Ректорската управа (02-88/33 од 20.01.2022 год.), оствари посета на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, во период од 17-20 мај, 2022 год. Во тек на својата посета, беа одржани следните предавања, согласно наставната програма по предметот Физиологија на животните:
   - Воведно предавање - Митохондријална динамика при влијание на ендокрини дисруптори – Влијание на невроендокриниот систем;
   - Сензорни органи – орган за вид;
   - Сензорни органи – органи за слух и мирис.
2. Проф. д-р Ален Славица, од Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Загреб, визитинг-професор на предметите Биологија и патологија на риби и Биологија и патологија на дивеч, согласно одлуката на Наставно-научниот Совет (0202-412/10 од 30.03.2022 год.) и одлуката на Ректорската управа (02-551/12 од 19.04.2022 год.), оствари посета на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, во период од 15-18 ноември, 2022 год. Во текот на својата посета, беа одржани следните предавања, согласно наставната програма по предметот Биологија и патологија на риби:
   - Одгледување и болести на морски и слатководни ракови;
   - Одгледување и болести на школки;
   - Марикултура и морско рибарство;
   - Рибарство и аквакултура.

3. Проф. д-р Артур Ниецвец, од Факултетот за ветеринарна медицина, при Универзитетот во Вроцлав, визитинг-професор на предметот Внатрешни болести на домашни миленици и копитари, согласно одлуката на Наставно-научниот Совет (0202-412/10 од 30.03.2022 год.) и одлуката на Ректорската управа (02-551/14 од 19.04.2022 год.), оствари посета на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, во период од 15-16 декември, 2022 год. Во текот на својата посета, беа одржани следните предавања, согласно наставната програма по предметот Внатрешни болести на домашни миленици и копитари:
    - Заболувања на горни и долни дишни патишта кај коњи (габичен ринитис, девијација на назален септум, примарен и секундарен синузитис и синусен емпием, хиперплазија на фаринкс, прогресивен етмоидален хематом, промена на положба на меко непце, обструктицни заболувања на долни дишни патишта, астма кај коњите, неоплазми), и Ендоскопија и дијагностички процедури на долни дишни патишта кај коњи;
    - Заболувања на гастро-интестинален систем кај коњи (одонтокластична ресорпција на заби и хиперцементоза, ерозивни и улцеративни заболувања на желудникот кај коњи, дилатација и неоплазија на желудник, антериорен ентеритис, IBD, колитис, пролиферативна ентеропатија);
    - Колики кај коњи (етиологија, дијагнсотика и терапија).

Во изминатиот период, дополнително беа одржани предавања од страна на гости-професори согласно потпишаните билатерални договори за меѓународна соработка, и тоа:

Доц. д-р Деан Георгиев и доц. д-р Николај Марков, од Институтот за планинско сточарство и земјоделие во Тројан (Р. Бугарија) (договор бр. 03-2186 од 17.12.2019 год.), во период од 09-14 мај, 2022 година одржаа предавања на студентите од втора година по предметот Сточарство, на следните теми:

- Дерматофитна и морфолошка карактеристика на носното огледало на говеда од млечни, комбинирани и товни раси;
- Раси на говеда и биволи кои се одгледуваат во Бугарија;
- Раси на овци, кози и овчарски кучиња кои се одгледуваат во Бугарија;
- Адаптација на Нормандските говеда.

Исто така и проф. д-р Никица Првановиќ Бачиќ, од Факутетот за ветеринарна медицина во Загреб, при Универзитетот во Загреб (договор бр. 03-1902 од 08.11.2019 год.), во рамките на својот престој во период од 29.11.-02.12.2022 год., одржа предавања на студентите од четвртта и шеста година под наслов:

- Влијание на глобалното затоплување и топлотниот стрес на расплодната способност на коњите.

Процесите за вклучување на стручни лица од практиката а и визитинг професори и понатаму ќе продолжи во зависност од потребите на катедрите и барањата на професорите кои треба да иницираат постапки за нивно вклучување во наставно-образовниот процес на ФВМС за што јас како декан на Факултетот зааедно со Деканатската управа даваме безрезервна подршка.

## 2.5 Последипломски студии – специјалистички студии

Во извештајниот период Наставно - научниот совет на Факултетот донесе Одлука бр. 0202-1178/5 од 31.08.2022 година со која се формира Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии – Специјалистички студии по безбедност и квалитет на храна на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје во учебната 2022/2023 година со задача да ја следи реализацијата на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии – Специјалистички студии по безбедност и квалитет на храна на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, да се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, да

дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, да укажува на евентуалните пропусти и грешки, да се грижи за нивното отстранување и слично.

Во согласност со Конкурсот за запишување студенти на втор циклус специјалистички студии на студиската програма „Безбедност и квалитет на храна“ (специјалистички студии) на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2022/2023 година, првиот уписен рок на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се одржи од 21.09.2022 до 27.09.2022 година.

Со жалење морам да констатирам дека на Конкурсот не се пријави ниту еден кандидат со што во учебната 2022/2023 година на Факултетот не се запишаа студенти на втор циклус специјалистички студии на студиската програма „Безбедност и квалитет на храна“.

Иако како Декан ги охрабрувам и наставниците од Институтот за храна да превземат иницијативи за промоција на оваа студиска програма за што јас како Декан заедно со Деканстската управа даваме голема подршка.

### 2.6 Последипломски студии – докторски студии од трет циклус

Третиот циклус на студии – докторските студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје како интегративен дел на докторските студии на УКИМ се организираат и реализираат од Школата за докторските студии согласно на правилата на ЕКТС, втемелени во Болоњската декларација и усогласени со најрелевантните нормативни акти.

Уште на почетокот на годината како Декан инicirав донесување на неколку одлуки од страна на Наставно-научниот совет со кои ќе се регулираат одредени норми потребни за непречено одвивање на наставниот процес.

Така со Одлука бр. 0202 — 237/8-2 од 21.02.2022 година се утврди листата на акредитирани ментори и број на слободни места за Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус - докторски студии на студиската програма Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во учебната 2022/2023 година чии број се зголеми. Исто така се донесе и Одлука бр. 0202 - 237/7 од 21.02.2022 година со која се утврдија потребните за распишување Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во академската 2022/2023 година со утврден број на слободни места за запишување и се дефинираа условите и критериумите за запишување кај лица, и тоа со: завршени интегрирани прв и втор циклус студии од областа на ветеринарната медицина и медицинските науки, односно завршени втор циклус студии од сродните области од природно-математичките и биотехничките науки кај лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и се стекнале со диплома: доктор по ветеринарна медицина, кај лица со завршени специјалистички студии од соодветни и сродни области кај лица кои завршиле според студиски програми од областа на медицинските науки, пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и имаат завршено втор циклус студии, остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8.

Слично, со Одлука бр. 0202 — 237/7-2 од 21.02.2022 година се утврди листата на акредитирани ментори и број на слободни места за Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус- докторски студии на Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во учебната 2022/2023 година. И тука се утврдија условите со Одлука бр. 0202 — 237/8-1 кои се потребни за распишување Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во академската 2022/2023 година со број на слободни места за запишување, се утврдија и услови и критериуми за запишување за

лица со завршени интегрирани прв и втор циклус студии од областа на ветеринарната медицина и медицинските науки, односно завршени втор циклус студии од сродните области од природно-математичките и биотехничките науки, за лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и се стекнале со диплома: доктор по ветеринарна медицина, за лица со завршени специјалистички студии од соодветни и сродни области за лица кои завршиле според студиски програми од областа на медицинските науки, пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од десет семестри, и имаат завршено втор циклус студии сп остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8.

Земајќи во предвид дека поради корона-кризата во државата Наставно-научниот совет донесе одлуки за продолжување на важноста на Студиската програма за трет циклус- докторски студии по Безбедност на храна и Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба (Сл. Весник на РСМ бр. 76/20), а во периодот што следеше во измината година овие студиски програми се повторно акредтирано, иницирано е до Наставно научниот совет да се донесе одлука за продолжување на роковите за завршување на започнатите докторски студии. Така, Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 02.06.2022 година по Информацијата поднесена од проф. д-р Влатко Илиески, Раководител на студиската програма бр. 03-648 од 3.05.2022 година донесе Одлука бр. 0202 — 756/9 од 2.06.2022 година со која се утврди рокот од 30.09.2025 година за завршување на студиите, односно одбрана на докторски труд за студентите запишани на докторски студии кои не одбраниле докторски труд во рок од 8 години сметано од денот на запишувањето до влегувањето во сила на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник Бр. 530 од 31 декември 2020).

Во изминатата година бројот на студенти докторанди кои се запишале на трет циклус – докторски студии на ФВМС изнесува четири (4) студенти на програмата Ветеринарна медицина и три (3) студенти на програмата за Безбедност и квалитет на храна. Со тоа во моментов има 22 активни студинти и тоа 14 студенти по студиската програма Ветеринарна медицина и 8 студенти по студиската програма Безбедност на храна.

Согласно Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје а во врска со Одлуката за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 416 од 25 јануари 2019 година), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 7.11.2022 година донесе 5 (пет) Одлуки со бр. 0202-1573/7-1 до 7-5 од 7.11.2022 година, со кои (за Јане Влахов, асистент во наставно - научните области 40719 – Хирургија, 40720 – Офталмологија и 40721 – Ортопедија, Иван Матевски, асистент во наставно - научната област 40717 – Заразни болести, Ивана Шикоска, асистент во наставно - научните области 40706 – Микробиологија и 40705 – Имунологија, Борис Димитриевски, асистент во наставно - научната област 40722-Рентгенологија и физикална терапија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и м-р Стефан Јованов во научната област по Биохемија) вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се ослободуваат од плаќање трошоци за студирање на трет циклус докторски студии по Ветеринарна медицина со задолжение со именуваните да се склучат договори за уредување на заемните права и обврски со кој се обврзува да е во редовен работен однос од најмалку 10 (десет) години на Факултетот.

## 2.7 Континуирано образование

Континуирано образование на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје преставува одговорна задача со оглед на позицијата и одговорноста која ја има за нашето општество.

Во доменот на активностите за континуирано и перманентно образование, вработените од Факултетот за ветеринарна медицина во иззвештајниот период одржаа неколку предавања, неколку работилници, обуки и други форми на континуирана едукација, пред се за докторите по ветеринарна медицина.

Во периодот од 25 до 27 Мај 2022 година во Охрид, под раководство на проф. д-р Трпе Ристовски од Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се организираше 3. Годишен Источно Европски Симпозиум на ветеринарни патолози на Charles Louis Davis и Samuel Wesley Thompson ДВМ Фондацијата (Одлука од ННС бр. 0202-1695/11 од 03.12.2021 год.).

Поканетите предавачи на симпозиумот одржаа предавања и тоа:

- Francisco A. Uzal (California Animal Health and Food Safety Lab - San Bernardino, CA, USA), на тема: Bovine pathology, Alimentary diseases of small ruminants; Alimentary diseases of horses; Alimentary diseases of pigs
- Monika Welle (Institute for Animal Pathology, Vetsuisse Faculty, University of Bern, Switzerland), на тема: Structure and function of the skin; Pattern analysis of skin biopsies; The hair follicle - a wonderful miniorgan
- Трпе Рисотски (Факултет за ветеринарна медицина - Скопје) на тема: Infectious diseases of dogs and cats

На Симпозиумот учествуваа вкупно 48 партиципанти од 10 земји меѓу кои Англија, Чешка, Унгарија, Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Грција и Македонија.

За време на Симпозиумот учесниците имаа можност да размена искуства од областа на ветеринарната патологија, како и дискусии за идна регионална но и поширока соработка. Целокупната организација на Симпозиумот беше високо оценета од страна на претставниците на Фондацијата и истото го презентарираа во нивниот Извештај за симпозиумот објавен на интернет страната на Davis Thompson Foundation на ден 27 Мај 2022 година.

Преставници од Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во Лабораторија за молекуларни анализи на храна и ГМО, во периодот 26-27 септември 2022 година одржаа лабораториска обука со наслов "Real-Time PCR method for Listeria monocytogenes frontline characterization" со поканетиите предавчи Sandrine Te и Karine Capitaine преставници од EURL *Listeria monocytogenes*, ANSES, Парис, Франција. Во текот на обуката беа изведени повеќе активности за екстракција на бактериска ДНК, молекуларна серотипизација и определување на 30–те најзначајни клонални комплекси со примена на real-time PCR. Со овој тренинг лабораторијата успешно имплементираше и валидираше молекуларен метод со кој се врши дискриминација со висока специфичност помеѓу изолатите на *Listeria monocytogenes* со цел следење на овој патоген. Обуката ќе придонесе за понатамошно проширување на соработката со EURL *L. monocytogenes* (ANSES) и вклучување во мрежата на лаборатории кои ја испитуваат генетската разновидност на оваа бактерија во југо-источниот дел на Европа.

На 27.05.2022 година во организација на проф. д-р Александар Дододвски и доц. д-р Мирослав Ќосевски на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје а во соработка со Македонските ограноци на Светското здружение за наука во живинарството и Светската ветеринарна живинарска асоцијација се одржа собир Презентација на резултати од проектни активности во живинарството. Од страна на доц. д-р Мирослав Ќосевски и проф. д-р Александар Додовски, на собирот беа презентирани добиените резултати од завршениот проект "*Мониторинг, морфолошка и молекуларна идентификација и филогенетска карактеризација на*

*црвената вошка (Dermanyssus gallinae) во живинарските фарми во Македонија"* финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со реализацијата на овој проект засегнатите страни добија информации за застапеноста и инфестацијата на ЦВЖ во македонските фарми, но и со знаења од обласа на континуираниот мониторинг и современите практики за контрола на популацијата на ЦВЖ во живинарските фарми. Исто така, проектот обезбеди добра основа за отворање на нови превентивни и биосигурносни национални програми и протоколи во живинарските фарми. На собирот беа презентирани и резултатите од тековниот проект *"Надзор и молекуларна епидемиологија на авијарните парамиксовируси и вирусите на авијарната инфлуенца во Кина и Македонија"* – билатерален проект со Универзитетот во Цилин, Кина финансиран од страна на МОН. Во рамките на досегашните истражувања се анализираа повеќе стотици примероци од различни видови и категории на птици од целата територија на Македонија додека во рамките на пасивниот мониторинг беа откриени три жаришта на Њукастелската болест и две жаришта на авијарната инфлуенца. Со напредни генетски анализи се утврди потеклото на вирусите и нивната вируленција што може да послужи за подобра подготвеност при идни епидемии. Имајќи ги во предвид сознанијата добиени за вирусот се дадоа препораки на надлежните ветеринарни власти за модификација на вакциналниот програм против Њукастелската болест особено кај бројлерски јата со што во иднина ќе се овозможи подобрена заштита против оваа болест. Покрај презентациите на нашиот кадар, свое излагање имаше и проф. д-р Данијела Хорватек Томиќ од Ветеринарниот факутлет во Загреб на тема "*Актуелна ситуација со живинарството во Хрватска"*. Научните истражувања овозможија Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како научна установа да биде дел од актуелните глобалните научни текови и европската мрежа на релеватни научни институции. Со овој собир резултатите од овие проекти покрај нивната научна вредност станаа достапни и за стопанството и надлежните органи. На собирото учествуваа преставници од живинарската

индустрија, професори од областите и коминтнти кои имаат интерс од областа.

Посебно е за истакнување е одржаната *"Промотивна работилница за меѓународна мобилност"*, на која беа претставени програмите за мобилност, како ERASMUS, CEEPUS, меѓународна соработка на Факултетот, како и активностите на студентите при студенските организации. Свои обраќања имаа деканот на Факултетот, продеканите, раководителите на програмите за мобилност, како и корисниците на тие програми кои преку споделените искуства дадоа насоки за идните корисници на програмите. На работилницата присуствуваа студенти од додипломските студии на Факултетот и докторанди на докторските студии при ФВМС. Оваа работилница е составен дел од работата на Одборот за меѓународна соработка при ФВМС која придонесе кон промоција на мобилноста помеѓу студентите, докторандите, научниот и наставно-научниот кадар на факултетот.

Исто така од 20-21.4.2022 година во просториите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се одржа обука за лабораториски методи за дијганостика, наменета за наставници од Државното средно училиште – Регионален центар за стручно образование и обука „Киро Бурназ" од Куманово. Обуката беше реализирана во рамки на проектот *„Образование за вработување во Северна Македонија"* и имаше за цел учесниците да го надградат своето знаење за класичните и современите методи кои се користат во лабораториската дијагностика на заразните и паразитските болести кај животните, како и за значењето на ветеринарните дијагностички лаборатории во процесот на дијагностицирање на овие болести. Обуката беше конципирана и реализирана од страна на професори и експерти од ФМВ-С кои имаат повеќегодишно меѓународно искуство во соодветните области.

Во периодот од 3-5 март 2022 година, на Факултетот за ветеринарна медицина беше реализирана кратка обука за примена на ISO 17025 стандардот во молекуларна лабораторија и акредитација на PCR методи. Обуката беше испланирана и организирана во рамки на билатералната

соработка која Факултетот ја има со Специјалистичката ветеринарна лабораторија (СВЛ) од Подгорица, Црна Гора. Обуката имаше за цел да на учесниците од СВЛ да им се пренесе техничко и практично знаење и искуства релевантни за акредитирање на PCR методи за дијагностика на заразните болести кај животните. Учесниците беа запознати со специфичните технички барања на ISO 17025 стандардот во делот на компетентност на персоналот, калибрирање и одржување на опремата, валидирање и верификување на користените методи, континуирано следење на перформансите на имплементираните методи, добра лабораториска практика и рутинска примена на PCR контроли. Обуката беше реализирана во лабораторијата за молекуларна дијагностика на Ветеринарниот институт, под надзор на проф. д-р Игор Џаџовски и проф. д-р Кирил Крстевски. Покрај обуката, со колегите од СВЛ дискутирани беа и нови полиња на можна соработка.

Во рамките на континуираната соработка со заедничката дивизија на Организацијата за храна и земјоделие (FAO) и Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA), вработените од Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје организираа тематски тренинзи за вкупно петмина научни работници од Ветеринарниот институт при Академијата за земјоделски науки на Таџикистан. Тренинзите беа реализирани под раководство на проф. д-р Кирил Крстевски, Раководител на Ветеринарниот институт при Факултетот, во период од два месеци (октомври-ноември), по програма изработена од наставно-научниот кадар на Факултетот и истите содржеа теоретски предавања и практични вежби за:

- серолошки техники и тестови за детекција и диференцијација на приоритетни болести кај животните и зоонози;
- молекуларни дијагностички техники, вклучително и напредни технологии за дијагностика и типизација,
- имплементирање, одржување и надзор на меѓународниот стандард за квалитет ISO 17025 во дијагностички лаборатории за здравствена заштита на животните.

Обучените кандидати стекнатото знаење ќе го имплементираат на тој начин што ќе обезбедат трансфер на совладаните техники во својата земја. Факултетот со своето повеќегодишно искуство и богато портфолио на успешно реализирани меѓународни обуки продолжува да дава придонес во подобрување на регионалната и глобалната дијагностика на заразните болести кај животните, но и да ја шири својата мрежа на професионални контакти и институции со кои одржува блиска соработка.

Исто така, д-р Бранко Анѓеловски беше предавач на состанокот со свињарските фарми во Република Северна Македонија, кој се одржа on-line под наслов *„Африканска синска чума во Македонија“* на 17.02.2022 година и даде активен придонес во разрешувањето на проблемите кои се појавија во нашата држава со појавата на оваа болест.

На 25. годишно собрание на Ветеринарна комора на РСМ и на Семинарот со меѓународно учество кој се одржа од 3-5 Јуни 2022 година во Охрид, Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје одржаа континуирани едукации со свои предавачи и тоа:

- Биосигурноста во здравствената заштита на фармските животни – предавач, доц. д-р Мирослав Ќосевски
- Основни правила и принципи на асепса во ветеринарната медицина – предавач, проф. д-р Ксенија Илиевска,

Слично, на 2. Меѓународен ветеринарно медицински конгрес кој се одржа од 29 септември – 01 октомври 2022 година во Пловдив, Бугарија, Факултетот за ветеинарна медицина учествуваше со свои предавачи кои одржаа предавња за докторите по ветеринарна медицина во Бугарија и Македонија и тоа:

- Практичен пристап за евалуација и подобрување на благосостојбата на животните Проф. д-р Влатко Илиески - Факултет за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Р.С.Македонија
- Потценети зоонози кај домашните птици - проф. д-р Александар Додовски, Факултет за ветеринарна медицина, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Р. С.Македонија

Центарот за благосостојба на ФВМС во 2022 година одржа неколку едукативни обуки од областа на благосостојбата на животните:

- Обука за превоз на живи животни - 47 обуки (партиципанти)
- Обука за персонал за работа во прифатилиште за бездомни животни - 6 обуки (партиципанти)
- Обука за тест за социјализација на кучиња за 1 кандидат
- Извршени 3 тестирања за социјализација на кучиња по барање на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Со цел одбележување на "Неделата на подигнување на свеста за рационална употреба на антибиотици", на 22.11.2022 година на Факултетот за ветеринарна медицина беше одржана тематска работилница со наслов *"Антимикробна резистенција - факти и предизвици во справување со глобалниот проблем"*.

Во рамките на работилницата, беа одржани следните предавања:

- проф. д-р Искра Цветковиќ – Домашните миленици како резервоар на антимикробна резистенција;
- проф. д-р Ксенија Илиевска – Како да ја надминеме антимикробната резистенција во ветеринарната хирургија;
- асс. Ивана Шикоска – Справување со бактериски инфекции кај кучиња без антибиотици: Дали е возможно;
- проф. д-р Деан Јанкулоски – Антимикробна отпорност кај животни од кои се произведува храната и ризиците за луѓето.

Работилнициата беше наменета пред се за студентите но беше од отворен тип.

Во периодот од 7.11.2022 до 16.12.2022 во склоп на проектот IAEA Project no. ALG5032; event no. FS-ALG5032-2201128 во просториите и лабораториите на ФВМС се одржа обука на Набила Тир и Лала Соуад од Националниот ветеринарен институт во Алжир, Алжир.

Програмата на тренингот се состоеше од:

- обука за стандардот ИСО/ИЕЦ 17025:2017 – „Општи барања за компетентност на лабораториите за тестирање и лабораториите за калибрација" (практична демонстрација на структурата, имплементацијата и одржувањето).
- обука за перформансите и начинот на користење на информатичката платформа IVetNet.
- обука за ИСО 31000:2018 – „Менаџирање со ризици" (иницирање на процесот на менаџирање со ризици, проценка и менаџирање на ризици).
- обука за ИСО 35001:2019 – „Менаџирање на биоризик во лабораториите и други сродни организации".
- обука за верификација и валидација на микробиолошки методи .
- обука за валидација и верификација на алтернативни микроибиолошки методи.
- тестирање и интерпретирање на резултати добиени со MALDI-TOF.
- узоркување на храна и производи од храна.

На крајот, сакам да го истакнам угледот на нашите професори кои како поканети предавачи-експерти активно учествуваа со свои предавања на неколку организирани семинари и работилници на странски Универзитети за што се подενсуваат и извештаи до органите на управување на Факултетот.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачката дејност на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје се одвива континуирано преку изработка на научно-истражувачки проекти, индивидуални и групни истражувачки активности, дипломски и докторски трудови, учество на стручни и научни собири во земјата и странство, објавување на научни трудови во научни списанија и други истражувачки активности.

На Факултетот, научните активности се одвиваат во постојните катедри, центри, лаборатории и Универзитетската ветеринарна клиника, како и во соработка со останатите научно-истражувачки установи во земјата и во странство, но и во соработка со приватниот сектор и одгледувачите на животни.

Посебно значење за подобрување на условите за научно-истражувачка работа има опременоста на капацитетите. На ова поле, минатата година Факултетот од сопствени извори вложи значајни средства за доопремување на постојните капацитети на лабораториите и Универзитетската ветеринарна болница.

Со тоа се овозможи наставно-научниот кадар на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да ги зголеми научните потенцијали со можности за апликација на идни научно-истражувачки проекти од областа на ветеринарната медицина и сродните дисциплини.

Активности на тековни и нови научно-истражувачки проекти реализирани од страна на наставно-научниот и научниот кадар на Факултетот во измината 2022 година имаше на:

1. Меѓународен проект: Depletion of veterinary pharmaceuticals and radiometric analysis of their residues in animal matrices. Главен истражувач: Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу. Учесници: Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, Проф. д-р Деан Јанкулоски, Доц. д-р Ристо Узунов Партнери во пректот: IAEA. Времетраење: 03.03.2020-01.06. 2025. Финансиран од: IAEA

2. Меѓународен проект: Biosecurity Assessment and Scoring In Cows – Regional Approach (BASIC), Главен истражувач: доц. д-р Мирослав Ќосевски, Учесници: доц. д-р Мирослав Ќосевски, проф. д-р Кирил Крстевски, н.сор. д-р Бранко Анѓеловски и д-р Александар Јаневски Партнер во проектот: Administration of Food Safety, Veterinary and Phytosanitary Affairs from Montenegro Времетраење: 01.12.2022-30.07. 2023 Финансиран од: FAO – EuFMD-SEE FAR
3. Меѓународен проект: Addressing the dual emerging threats of African Swine Fever and Lumpy Skin Disease in Europe (DEFEND), финансиран од: Horizon 2020, главен истражувач: The Pirbright Institute Lbg, учесници од ФВМС: доц. д-р Игор Џаџовски, доц. д-р Кирил Крстевски, времетраење: 2018-2023,
4. Меѓународен проект: European network for sharing data on the geographic distribution on arthropod vectors, transmitting human and animal diseases agents, финансиран од: Европска Унија, EFSA и ECDC истражувачки проект, главен истражувач: MarietaBraks, учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, времетраење: 2019-2023
5. Меѓународен проект: Improving Early Detection and Rapid Response to Potential Outbreaks of Priority Animal and Zoonotic Diseases, финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект, главен истражувач: Mr Teufik Goletic, учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, доц. д-р Кирил Крстевски, доц. д-р Игор Џаџовски, Загорка Попова, времетраење: 2020-2023
6. Меѓународен проект: Enhancing the Capacity to Integrate Sterile Insect Technique in the Effective Management of Invasive Aedes Mosquitoes, финансиран од: Европска Унија, IAEA истражувачки проект, главен истражувач: Dr. Antonios Michaelakis, учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ, времетраење: 2020-2023
7. Национален проект: Студија за проценка на застапеноста и географската дистрибуција на вирусот на западно-нилска тереска во

Македонија како и можности за делување во насока на концептот „Едно здравје“- главен истражувач проф. д-р Игор Џаџовски, Времетраење: 2022-2023, Финансиран од: УКИМ

8. Меѓународен проект: Digital Education in Veterinary Studies (DEVET). Главен истражувач: проф. д-р Игор Улчар, учесници: проф. д-р Игор Улчар, проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Ксенија Илиевска, проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу. Партнери во пректот: Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот во Белград (Србија) (главен носител) Ветеринарен факултет при Универзитетот во Загреб (Хрватска) Времетраење: 01.03.2021-31.05. 2022 Финансиран од: ERASMUS+
9. Меѓунароен проект: Integrated Radiometric and Complementary Techniques for Mixed Contaminants and Residues in Food. Главен истражувач е д-р Џемс Сасаниа а учесници од ФВМС се проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, проф. д-р Велимир Стојковски, проф. д-р Деан Јанкулоски, Ристо Узунов, ДВМ. Проектот е финансиран од IAEA (17.03.2017-16.03.2022)
10. Програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството за 2020/21 година. Проектот е во соработка со Факултетот за земјоделски науки и храна. Координатор на проектот е проф. д-р Владимир Петков. (2021-2022)
11. Меѓународен проект: “Feasibility assessment and investment proposal in the cattle sector” Главен истражувач: Проф. д-р Лазо Пендовски. Учесници: Проф. д-р Бранко Атанасов, Проф. д-р Тони довеснки, доц. д-р Мирослав Ќосевски, Проф. д-р Кирил Крстевски, Проф. д-р Ксенија Илиевска, Проф. д-р Искра Цветковиќ, Проф. д-р Деан Јанкулоски, Проф. д-р Благица Сековска, Партнери во пректот: ФАО. Времетраење: 01.09.2021-01.06.2022.

Исто така, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје продолжи со реализација на двата проекти финансирани од Министерството за образование и наука на РС Македонија:

- Развој и валидација на мултирезидуални и мултикласни аналитички методи за определување на остатоци од лекови и контаминенти со употреба на изотопски обележани интерни стандарди и примена на техниката LC-Q/TOF, каде главен носител е проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу; и
- Опремување и оспособување на Лабораторија за хигиена на животните и заштита на животната средина, чиј носител е доц. д-р Мирослав Ќосевски

Покрај активностите во наведените проекти, наставно-научниот кадар на Факултетот аплицираше проекти во рамки на програмите ERASMUS+, HORIZON Europe, како и во рамките на националните програми на МОН, УКИМ, ФИТР итн.

Така, наставно-научниот кадар на Факултетот аплицираше проекти и тоа:

- Предлог-пријава за финансирање на научно-истражувачкиот проект од интегративните средства на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје со наслов: „Студија за проценка на застапеноста и географската дистрибуција на вирусот на западно-нилска тереска во Р.С.Македонија како и можности за делување во насока на концептот „Едно здравје" - главен истражувач проф. д-р Игор Џаџовски. (Одлука на ННС бр. 0202-30/4 од 13.01.2022 година)
- Предлог-пријава за аплицирање на проектот во програмата ERASMUS+ (KA 210-SCH) Small-scale partnerships in school education) под наслов „Inclusion via Hippotherapy (inc&Hippo). Главен истражувач е проф. д-р Лазо Пендовски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. (Одлука на ННС бр. 0202-412/7 од 30.03.2022 година)
- Предлог-пријавата за аплицирање на проектот во програмата ERASMUS+(KA 220-HED) Coperation partnerships in higer education) под наслов „Simulation-based training in Emergency Veterinary Medicine" (Simuvet). Главен истражувач е проф. д-р Ксенија

Илиевска, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. (Одлука на ННС бр. 0202-412/8 од 30.03.2022 година)

- Предлог-пријавата за аплицирање на проектот во програмата ERASMUS+ (KA 210-YOU) Small-scale partnerships in youth) под наслов „Podcasting for Youth Helping Animals Caught in Fires imulation-based training in Emergency Veterinary Medicine". Главен истражувач е проф. д-р Ксенија Илиевска, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. (Одлука на ННС бр. 0202-412/9 од 30.03.2022 година)

Академскиот кадар на ФВМС учествуваше и во активностите на разни европски работни мрежи, најмногу во мрежата COST (European Coopeartion in Science and Technology). Овие активности се од апликативен карактер, бидејќи целта им е размена на искуства за новите процедури и техники во апликативната и истражувачката работа и организирање обуки за подобрување на професионалните вештини.

Меѓудругите, активности имаше во следните COST акции:

1. Aedes invasive moscquitoes
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Prof Alessandra DELLA TORRE
   учесници од ФВМС: проф. д-р Јована Стефановска, д-р Александар Цветковиќ, Љубица Рашиќ ДВМ
   времетраење: 2018-2022
2. Standardizing output-based surveillance to control non-regulated diseases of cattle in the EU
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Dr Inge SANTMAN-BERENDS
   учесници од ФВМС: проф. д-р Игор Џаџовски, проф. д-р Кирил Крстевски
   времетраење: 2018-2022

3. European Network for Optimization of Veterinary Antimicrobial Treatment
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Mr Peter DAMBORG
   учесници од ФВМС: проф. д-р Ромел Велев, проф. д-р Славчо Мреношки, проф. д-р Павле Секуловски, проф. д-р Искра Цветковиќ
   времетраење: 2019-2023
4. Risk-based meat inspection and integrated meat safety assurance
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Dr Bojan BLAGOJEVIC
   учесници од ФВМС: доц. д-р Сандра Мојсова, м-р Љупчо Ангеловски, доц. д-р Мирко Проданов
   времетраење: 2019-2023
5. Novel tools for test evaluation and disease prevalence estimation" (HARMONY)
   Финансиран од: Европска Унија, COST проект
   главен истражувач: Dr Polychronis KOSTOULAS
   учесници од ФВМС: проф. д-р Игор Џаџовски, проф. д-р Кирил Крстевски
   времетраење: 2019-2023

Со цел да обезбеди континуирана научно истражувачка дејност, Факултетот по втор пат го објави Интерниот повик за доделување на средства за реализација на научно-истражувачки проекти.

Наставно научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1573/5 од 7.11.2022 година согласно Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 416 од 25 јануари 2019 година) со која се одобрува отпочнување на постапка за доделување на средства за реализација на научно-истражувачки проекти на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје и формира Конкурсна комисија за

спроведување на активнотите. Повикот е отворен до крајот на 2022 година а се очекува аплицираните и одборените проекти да се реализираат во текот на 2023-2024 година.

Дополнително Наставно научниот совет ги прифати Годишните извештаи од Интерниот повик за доделување на средства за реализација на научно-истражувачки проекти со наслов *“Примена на имунохистохемиска метода во дијагностиката на вирусните болести кај домашните миленици“ (Aplication of the immunohistochemical method in the diagnostic of viruse disease in domestic animals)” ФВМС-ИПР-03* и дозволи дополнување на учесниците на проектот за втората година од реализација на проектот со истражувач- студент Спиро Божиновски а по поднесено барање од главниот истражувач проф. д-р Трпе Ристоски (Одлука бр. 0202-1817/8 од 24.12.2021 година) како и одобрување на извештајот од прокетот *„Молекуларни истражувања на јаце клетки со различна развојна способност“ (ФВМС-ИПР-02) поднесен од проф. д-р Флорина поповска - Перчиниќ.* (Одлука бр. 0202-237/14 од 21.02.2022 година).

Факултетот и во оваа година обезбеди финансиска поддршка за учество на вработените со научни и стручни трудови на симпозиуми, конференции и конгреси во земјата и во странство, стручни обуки, работилници, курсеви како и со објавување на научни трудови во различни меѓународни списанија со фактор на влијание, набавка на стручна литература врз основа на Одлука за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник на УКИМ со бр. 416 од 25 јануари 2019 година.) со што се овозможи непречено научно усовршување на кадарот на Факултетот и воспоставување контакти и соработка со колеги и институции од земјата и од странство како и промоција на Факултетот и на Универзитетот.

Како и претходните години и овој пат Факултетот во соработка со Медициснкиот факулет, Фармацевтскиот факулет и Стоматолошкиот факулет се обезбеди пристап на Research4Life програмата за 2022/2023

година каде се опфатени сите пет програми на базата AGORA, OARE, HINARI, ARDI и GOALI со што се овозможи на нашите вработени да имаат директен влез до научни бази со целосни трудови.

Со цел подигнување на капацитетите и зголемување на научно-истражувачка работа Деканатската управа при ФВМС ќе продолжи и во следниот период да ги поддржува активностите кои се во насока на апликација и реализација на научно-истражувачки проекти и опремување и оспособување на научно-истражувачкиот кадар.

### 3.1 Одржување на 9. Научно-стручен собир "Денови на ветеринарна медицина - 2022"

Како дел од задачите на научно-стражувачката дејнкст на Факултетот, го издвојувам организираниот 9. Научно-стручен собир "Денови на ветеринарна медицина - 2022" кој поради пандемијата со Ковид 19, беше одложуван и успешно се организира после пауза од 2018 година.

Така, во периодот од 22 до 25 септември 2022 година во Охрид се одржа 9. Научно-стручен собир "Денови на ветеринарна медицина - 2022", во организација на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје.

Одлука за одржување на настанот беше донесена од страна на Наставно-научниот совет бр. 0202-1817/7 од 24.12.2021 година а потоа со одлука бр. 0202-756/6 од 2.6.2022 година беа формирани одборите и телата кои придонесоа во организација на настанот.

На свечената церемонија по повод отворањето на заедничкиот собир, свои обраќања имаа Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Лазо Пендовски, Ректорот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј, во Скопје, проф. д-р Никола Јанкуловски; Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г-дин Љупчо Николовски; Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, г-дин Николче Бабовски; Извршниот директор на Ветеринарната комора на РМ, д-р Томислав Николовски.

Непосредно по заршувањето на церемонијата се одржа и пленарно предавање од страна на поканетиот предавач проф. д-р Ален Славица од Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот од Загреб, под наслов *„Нови вештини и знаења во ветеринарната професија"* каде се истакна значењето од надградба на едукативните методи и Европската меѓународна акредитација на факултетите за ветеринарна медицина.

На собирот а по покана исто така учествуваа и декани, продекани или претставници од Ветеринарните факултети на Белград, Загреб, Сараево, Тирана, Латвија и Софија како и директори и претставници на останати факултети и научни институти и организации од регионот.

Учесници на настанот беа еминентни професори, научници и доктори по ветеринарна медицина од голем број земји од странство како Албанија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Данска, Франција, Ирска, Италија, Косово, Киргистан, Латвија, Србија, Словенија, Турција, Велика Британија и Грција. Оттука собирот ја одржа својата меѓународна димензија и препознатливост од страна на релевантните институции во регионот, Европа и пошироко.

На овој научно стручен собир беа поканети пленарни предавачи од престижни истражувачки центри во светот, експерти во своите области кои прифатија да го споделат нивното драгоцено искуство и знаење, и да ги презентираат најновите достигнувања и идеи.

На собирот беа поканети 7 пленарни предавачи кои презентираа научни и стручни трудови на следните теми: фармска биосигурност, антимикробна резистентност, регенеративна медицина, ортопедија, репродукција, безбедност на храна и едукација. Поточно, на собирот беа поканети и одржаа пленарни предавања следните предавачи:

- Biosecurity in animal production, what, when and how? - Prof. dr. Jeroen Dewulf, Faculty of Veterinary Medicine, Ghent University, Belgium
- Antimicrobial resistance (AMR) problems in companion animals - Prof. dr. Peter Damborg, University of Copenhagen, Denmark

- The Practical Application of Regenerative Medicine in Canine Musculoskeletal
- Conditions - Dr Russell Chandler BVSc CertSAO MSc(OrthoEng) MRCVS, Small Animal Orthopaedics Alphavet Referrals Newport, Wales, UK
- Intervertebral disc disease – a marked road or a jungle? - Prof. dr. sc. Boris Pirkich, Faculty of veterinary medicine, University of Zagreb, Croatia
- Reproductive management in goat breeding - Prof. dr. sc. Juraj Grizelj, Faculty of veterinary medicine, University of Zagreb, Croatia
- Update on activities of the European reference Laboratory for Listeria monocytogenes: focus on typing area – Dr. Sandrine Te, French Agency for Food,Sandrine Te, French Agency for Food, Environmental and Occupational Health & Safety (ANSES)
- Virtual slaughterhouse simulators as a complement, not a substitute of abattoir visits, in veterinary public health education - Prof. dr. Andrej Kirbiš, Faculty of Veterinary Medicine, University of Ljubljana Ljubljana, Slovenia

Научно-стручниот собир „Денови на Ветеринарна Медицина 2022" во својата програма обработи научни области тесно поврзани со актуелните предизвици и проблеми од ветеринарната медицина значајни за земјата и Европа.

Во рамките на собирот се организираа научни сесии на следните тематики:

- Фармска биосигурност и заштита на животната средина; антимикробна резистентност;
- Базични науки и Ветеринарна едукација,
- Благосостојба на животните и однесување;
- Ветеринарна клиничка медицина;
- Репродукција;
- Безбедност на храна;

- Инфективни болести кај животните;
- Методи и модели и Паразитски болести кај животните.

Вкупниот број на доставени и презентирани поднесоци изнесуваше 97 од кои 59 апстракти беа прифатени за орални презентации, а 38 постер презентации кои беа испечатени во Книга на апстракти со CIP - Каталогизација во публикација од Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје 636.09 (062) (048.3) на 177 страни и ISBN 978-9989-774-38-6 а запишана во COBISS.MK-ID 58134021.

Дополнително, во рамките на 9^от^ Меѓународен научен собир Денови на ветеринарна медицина 2022, во соработка со Ветеринарната комора на Македонија, беа одржани вкупно три клинички (практични) работилници, од страна на еминентни предавачи од Р. Хрватска и од Обединетото Кралство, кои ги споделија своите сознанија и искуства од областите на ортопедијата, офталмологијата и регенеративната медицина.

Секоја работилница се состоеше од два дела, теоретски и практичен дел, на кои активно учество земаа голем број колеги од малата и големата пракса во Македонија.

На претпладневната сесија, беа одржани две работилници, и тоа:

- *Ортопедски преглед кај кучиња и мачки*, каде по теоретскиот дел се продолжи со практичен приказ на преглед кај домашни миленици, како и позиционирање и манипулација на кучиња при рентгенска снимка на коксо-феморални и лакотни зглобови од проф. д-р Марио Кресингер (Факултет за ветеринарна медицина во Загреб)
- *Итни состојби во ветеринарна офталмологија,* каде за практичниот дел беа употребени модели од кадавери, за основните хируршки интервенции во ветеринарната офталмологија од проф. д-р Борис Пиркиќ (Факултет за ветеринарна медицина во Загреб)

На пладневната сесија, на теоретскиот дел од работилницата свое предавање имаше д-р Расел Чендлер (Алфавет, Специјалистички ветеринарен центар, Обединето Кралство) и тоа:

- *Регенеративна медицина кај домашните миленици*, додека практичниот дел Подготовка на плазма богата со тромбоцити кои го водеа д-р Ана Ивановска и др. Присила Берни, докторанд на кој учесниците имаа можност да практично да подготват плазма богата со тромбоцити од крв од говедо.

Исто така, новина на овој собир беше и организирањето на една практична работилница за нови молекуларни методи во лабораториската работа која продолжи и по завршувањето на собирот во лабораториите на Факултетот за ветеринарна медицина.

На годинешниот собир покрај научната фела, имаше учесници и од праксата, како и од органите на државната управа, производители и контролори на хранителни производи, претставници на дијагностички лаборатории, како и стручни лица кои се вклучени во истражувања во ветеринарната медицина, но и во областа на базичните науки.

Наа 9. Меѓународен научно-стручен собир "Денови на ветеринарна медицина-2022", учествуваа приближно 350 учесници од кои околу 100 беа учесници кои присуствуваа на клиничките работилници, околу 90 странски учесници и околу 20-тина претставници од македонските државни институции. Од факултетот за Ветеринарна медицина учествуваа 80 учесници и 10 студенти.

## 3.2 Македонски ветеринарен преглед (Macedonina Veterinary Review)

Како главен и одговорен уредник на меѓународното научно списание "Macedonian Veterinary Review" официјална публикација на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, заедно со мојот тим и особено во соработка со заменик уредникот, проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ, бевме

ангажирани за поголем број активности со цел промоција и зголемување на видливоста на списанието, а со тоа и на самиот Факултет.

Од публикување на вториот број до сега, процесуирани се вкупно 72 труда, од кои 10 труда се публикувани во прввиот број од Вол. 45 во 2022, а 11 во вториот број, како и еден труд како ahead of print (AOP), 45 се одбиени, а останатите се во фаза на рецензија.

Во таа насока беше реализирана и една јавна набавка за потребите за печатење на МВП, а во завршна фаза е подготовка на набавка за одржување на веб страната на списанието и надградба на постоечки софтвер.

Активностите кои беа преземени во тековната 2022 година се:

- континуитет во печатење на списанието
- одржување интернет страна на списанието и надградба на постоечкиот систем за менаџирање на апликација и рецензија на трудови (Manuscript manager)
- Направено е индексирање на списанието во Emerging Source Citation Index (ESCI) листата на Clarivate Analytics.
- Индексирање во FSTA (formerly Food Science and Technology Abstracts), база на податоци која опфаќа научни списанија поврзани со исхраната и здравјето
- Годишна апликација за евалуација на списанието во ICI Master Journal List
- Обновено е членство на списанието во COPE
- Ажурирана на листата на рецензенти со нови рецензенти во рамките на Manuscript manager софтверот, како и на веб страната
- Изготвувени се метаподатоци на објавени трудови за Index Copernicus, базата АГРИС и др.

Заедно со уредничкиот тим (доц д-р Мартин Николовски, технички уредник) и Моника Довенска, ДВМ, помошник на уредникот) учествувавме во реализација на издавачката дејност во однос на работи и задачи кои опфаќаа стручно, но и административно и техничко учество во објавувањето на трудовите во електронска и во печатена верзија.

# 4. ПРИМЕНУВАЧКА (АПЛИКАТИВНА) ДЕЈНОСТ

Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје посветува особено внимание на применувачката (апликативна) дејност за што поуспешно и поефикасно излегување во пресрет на потребите и барањата на стопанските субјекти и институциите од јавниот сектор.

Всушност, апликативната дејност е сопосебно значење за Факултетот како наследник на Ветеринарниот институт преку која директно се проверуваат теоријата и практичните аспекти на професијата. Тука не помалку значаен е и финансискиот ефект како дополнителна приходна ставка во нашиот буџет, а преку него и на дополнителните приходи на вработените.

Во извештајната година од мандатниот период на деканот се реализирани поголем број на активности од сите стручни области кои ги покрива Факултетот.

Како и во претходните години и оваа година Факултетот учествуваше во постапките за јавни набавки преку кои се потпишани договори и анекси на договорите за вршење на лабораториски услуги со Агенцијата за храна и ветеринарство и тоа:

- Анекс на договор за Лабараториски услуги за ветеринарно јавно здравство (договор бр. 03-355 од 11.03.2022 година.,)
- Анекс на договор за Лабораториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести (договор бр. 03-455 од 30.03.2022 година.,)
- Анекс на договор за Лабораториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести (договор бр. 03-975 од 04.07.2022 година.,)
- Лабараториски услуги за ветеринарно јавно здравство (договор бр. 03-1086 од 26.07.2022 година.,)

- Лабораториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести (договор бр. 03-1198 од 26.08.2022 година.,)
- Лабораториски услуги за Програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2022 година (договор бр. 03-1388 од 27.09.2022 година.,)

Квалитетот на лабораториските услуги кои ги нуди Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ) под стандардот ISO 17025. Сертификатот што се добива од ИАРСМ покрај тоа што претставува дополнителна гаранција за квалитетот на лабораториските услуги кон клиентите на ФВМС, истовремено е и услов кој мораме да го исполниме за да се продолжи со лабораториската дејност.

И оваа година Факултеот за втеринарна медицина-Скопје имаше активности поврзана со акредитацијата на методите во лабораророриите. Така во периодот од 13-19.10.2022 година во лабораториите на ФВМС кои се под акредитација извршен е надзор со проширување од страна на Институт за акредитација на Северна Република Македонија согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2018. И оваа година Факултетот успешно го помина вториот надзор од четвртиот циклус на акредитација во кој влеговме во 2020.

При тоа извршено е и проширување на опсегот со 15 нови акредитирани методи, како и отстранување на 5 методи од опсегот, со што беше зголемен бројот на акредитираните методи на 198.

Со овој надзор во опсегот на акредитација е ставена и Лабораторијата за микробиологија при Ветеринарниот институт. Со ова ФВМС останува една од лабораториите со најширок опсег на полиња акредитирани методи во Р С Македонија, и пример за квалитет во извршување на лабораториските услуги и во поширокиот регион. Успешното надминување на процесот акредитацијата, одржувањето на системот за квалитет и воведувањето на нови методи, а при тоа одржувајќи го статусот на

акредитација на старите методи е резултат на посветеноста, упорноста и напорната работа на персоналот кој работи во лабораториите под опсег на системот на квалитет, а под раководство на Менаџерскиот тим за имплементација на МКС EN ISO/IEC 17025:2018 и Деканатската управа на ФВМС.

За да се постигнат успешни акредитации непречено се набавуваа реагенси, стандарди, се учестваше во меѓулабораториски тестирања, се вршеа редовни сервисирања и калибрација на опремата, и др., за што јас како декан заедно со Деканатската управа и координаторот за ИСО 17025 дававме максимална подршка.

Благодарение на превземените активности и воспоставениот систем за акредитација во лабораториите на ФВМС, во изминатиот период се вршеа анализи за потребите на стопанството и за различни претпријатија, друштва и стопански субјекти по нивно барање.

Во таа насока, во извештајниот период, покрај постоечките, потпишани се доплнително нови 32 договора со комитенти кои комерцијално ги користат услугите на лабораториите на Факултетот, со што со што се потврдува квалитетот на лабораториските услуги кои ги нудиме во државата и надвор од неа.

## 5. ИНВЕСТИЦИИ ЗА РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во изминатата 2022 година инвестираше повторно од сопствени средства за негов развој, а најголемите напори и вложувања се направени во насока на зголемување на капиталните инвестиции.

Уште на почетокот од мојот мандат како декан се преземени дејствија за решавањето на проблемот со леглизацијата на објектите на ФВМС и беа превземни чекори во насока на изработка на проекти и анекси на геодетски елаборати за бесправно изградени објекти и истите повторно се поднесени во ресорното Министерство со цел легализација на објектите.

Во 2022 година оваа состојба резултираше со добивање на Решение за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти бр. 58УП-328/2018 од Министерство за транспорт и врски на РС Макеоднија а со правосилност од 02.12.2022 година во кое се утврдува правен статус на бесправен објект-комплекс на објекти на Униврезитет Св. Кирил и Методиј во Скопје-Факултет за ветеринарна медицина, објекти кои се наоѓаат на КП бр. 1172/1, КП бр. 1172/2 и КП бр. 1172/5 на КО Гази Баба согласно поднесените геодетски елаборати.

За жал мора тука и да напоменам дека само еден објект не е легализарн а за кој се води судска постапка иако и за него е поднесено барање за легализација.

Во интерес на членовите на Наставно-научниот совет, Ве известуавам дека судскиот процес е започнат од страна на Факултетот уште во 2003 година а од 2015/2016 година истиот го превзема Јавното правобранителство на РС Македонија во која постапка сега Факултетот од тужител се јавува како тужена странка која е исто така државна институција.

Земајќи во предвид за какво судство се работи во нашата држава потполно разбиливо зашто е дозволено приватен субјект кој на целосно нејсен начин успеал да придобие ½ идеален дел од државен имот и тоа

никого да не го интересира во државата освен Факултетот за ветринарна медицина-Скопје кој и понатаму ќе се бори за имотот на државата, иако во овој случај сега е тужена странка од страна на Правобранителството на РСМ.

Во таа насока превземени се и конкретни активности и се информирани сите релевантни структури во државата (Собарание на РСМ како основач, Влада на РСМ преку Министрство за правда, Судскиот совет, Универзитетот, невладини организации и сл.,) брајќи помош од нив а со цел државата да не изгуби ½ од овој објект кој преставува интерес на приватен капитал.

Ова го пишувам во Извештајот, бидејќи ова е јавен документ кој јавно ќе биде објавен и целокупната јавност ќе има увид во проблемите кои се затекнати со спроведента приватизација во минтаото кога приватен субјект станува имател на ½ од државен објект и тоа во виското образование а со помош на одлуки на поединци судии од судската власт во државата.

Сепак легализцијата на објектите е голем успех за Деканатската управа и за сите на Факултетот, кој по 30 години успеа да ги легализира објектите а земјиштето околу објектите успешно да го префрли во сопствененост на РС Македонија за што сега веќе не постои опасност од негова приватизација.

Со цел зголемување на работните капацитети на Факултетот во сите дејности од своето поле на работа, во 2022 година во голем број на простории се направни санациии и тековно одржување (обнова на пропаднати подови, санирање на многу оштетените ѕидови, нова електрична и мрежна инсталација, поправки на водоводни исталации и сл.) а по барање на Раководителите на внатрешните организациони единици.

Покрај тоа, континуирано се вложува во одржувањето на предавалните, вежбалните, лабораториите и другите простории, што представува постојана (тековна) обврска на Деканатот.

Еден од најважните приоритети во изминатиот период беше да се изврши осовременување и дополнување на постојните капацитети со нова и посовремена опрема.

Така за потребите на наставата, науката и апликацијата е набавена однсоно потпишани се договори за набавка на следнава опрема:

- Апарат за компјутеризирана томографија (КТ) за потребите на Универзитетска ветеринарна болница (Договор бр. 0507-556/2022 од 18.04.2022 година со вредност од 8.198.601,00 ден. без ДДВ)
- Maldi-tof масен спектрометриски систем со софтвер за микробиолошка идентификација (Договор бр. 0507-1077/2022 од 25.07.2022 година со вредност од 16.400.,00 ден. без ДДВ)
- LC-Q/TOF (Liquid Chromatography-Quadrupole Time-of-Flight Mass Spectrometry) за проектот од МОН „Развој и валидација на мултирезидуални и мултикласни аналитички методи за определување на остатоци од лекови и контаминенти со употреба на изотопски обележани интерни стандарди и примена на техниката LC-Q/TOF (Договор бр. 0507-1192/2022 од 25.08.2022 година со вредност од 17.055.,00 ден. без ДДВ)- проект МОН, носител е проф. д-р Зехра Х. Муслиу
- Kjeldahl протеински анализатор (Договор бр. 0507-1585/2022 од 02.11.2022 година со вредност од 1.183.000,00 ден. без ДДВ)
- Комплетно автоматизиран анализатор со ветеринарен софтвер за изведба на биохемиски анализи за потребите на Универзитетската ветеринарна болница (Договор бр. 0507-1727/2022 од 28.11.2022 година со вредност од 1.390.000,00 ден. без ДДВ)
- Комплетно автоматизиран имунолошки анализатор за потребите на Универзитетската ветеринарна болница (Договор бр. 0507-1545/2022 од 28.10.2022 година со вредност од 972.000,00 ден. без ДДВ)
- Мешалка со епрувети за потербите на Универзитетската ветринарна болница (Договор бр. 0507-1559/2022 од 31.10.2022 година со вредност од 23.237,00 ден. без ДДВ)

- Преносни компјутери (информатичка и периферна опрема) (Договор бр. 0507-1480/2022 од 14.10.2022 година со вредност од 678.410,00 ден. без ДДВ)
- Десктоп компјутери (информатичка и периферна опрема) (Договор бр. 0507-1137/2022 од 16.08.2022 година со вредност од 326.800,00 ден. без ДДВ)
- Ветеринарен аппарат за инхалациона анестезија со евапоратор за изофлуран за домашни миленици (Договор бр. 0507-188/2022 од 08.02.2022 год., вредност со ДДВ 336.300,00 ден.) (без ДДВ 285.000,00 ден.);
- Ветеринарен анализатор за брза дијагностика на хормонален статус (Договор бр. 0507-188/2022 од 08.02.2022 год., вредност со ДДВ 212.400,00 ден.) (без ДДВ 180.000,00 ден.);
- Ветеринарен аппарат за мерење очен притисок Tonopen (Договор бр. 0507-188/2022 од 08.02.2022 год., вредност со ДДВ 247.800,00 ден.) (без ДДВ 210.000,00 ден.);
- Аппарат за сукција (Договор бр. 0507-188/2022 од 08.02.2022 год., вредност со ДДВ 22.254,80 ден.) (без ДДВ 18.860,00 ден.);
- Систем на загревање со топол воздух за домашни миленици со заменски филтер и сет на ќебиња за еднократна употреба (Договор бр. 0507-188/2022 од 08.02.2022 год., вредност со ДДВ 112.100,00 ден.) (без ДДВ 95.000,00 ден.);
- Ултразвучно купатило за чистење и миење на хируршки инструменти (Договор бр. 0507-189/2022 од 08.02.2022 год., вредност со ДДВ 37.264,40 ден.) (без ДДВ 31.580,00 ден.);

Покрај наведената опрема, за потребите на Факултеот е набавена бела техника (ладилници, микробранови печки, климатизери, грејни тела и сл.),

мала информатичка опрема, потрошен материјал и сл.) а исто така се поставени се (3) три ЛЕД телевизори во секоја предавална и во важбалната за анатомија.

Во рамките на проектот од МОН „Опремување и оспособување на Лабораторија за хигиена на животните и заштита на животната средина" а со кофинасирање на Факултеот, чиј носител е доц. д-р Мирослав Ќосевски со својот тим, се набави према за Лабораторијата за хигиена на животните и заштита на животната средина и тоа:

| **Опрема** | **Цена (со 18% ДДВ)** | **Договор бр.** |
|---|---|---|
| 1. LOG 210 дата логер за мерење на температура и влажност | 68912.00 | 0507 – 1027/2022 |
| 2. Дигитален термометар, хигрометар, барометар, дождомер, пиранометар (Автоматска метео станица) | 383500.00 | 0507 – 1033/2022 |
| 3. Анемометар Vane probe (100mm, digital) | 42480.00 | 0507 – 1029/2022 |
| 4. Midget Impinger 25ml туби (Burette, digital, motor driven) | 66670.00 | 0507 – 1036/2022 |
| 5. Air sampler (Air Ideal 3P standalone) | 299853.34 | 0507 – 1044/2022 |
| 6. Мултигас детектор со стаклени туби | 41300.00 | 0507 – 1033/2022 |
| 7. Туби + пумпа + 100ml шприц со туба ($CO_2$ детекција) (Туби за одредување на концентрација на Амонијак, Јаглерод диоксид, Сулфур водород, Јаглерод моноксид и Кислород во воздух со Мултигас детектор) | 177000.00 | 0507 – 1033/2022 |
| 8. Аналитичка вага | 64900.00 | 0507 – 1033/2022 |
| 9. Инкубатор (Incubator BD56 Avantgarde) | 90801.00 | 0507 – 1029/2022 |
| 10. Микроскоп (Biological microscope model XJD 300) | 140184.00 | 0507 – 1035/2022 |
| 11. Сонда (клин) за земање мостра од почва од оцинкуван челик, околу 30 cm должина | 37760.00 | 0507 – 1028/2022 |
| 12. Педолошко сито со 1-2мм отвори | 23364.00 | 0507 – 1028/2022 |
| 13. Педолошки сита: сет од 6 | 63082.80 | 0507 – 1028/2022 |

| Опрема | Цена (со 18% ДДВ) | Договор бр. |
|---|---|---|
| 14. Мешалица за педолошки сита | 182900.00 | 0507 – 1028/2022 |
| 15. Центрифуга и Сушара (Drying and heating chambers Avantgarte) | 80535.00 | 0507 – 1029/2022 |
| 16. Kern вага 6000g | 42621.60 | 0507 – 1028/2022 |
| 17. Дигитален термометар Waterproof immersion/penetration probe | 14702.80 | 0507 – 1029/2022 |
| 18. Спектрофотометар (Prove 300 UV/VIS spectrophotometer) | 377010.00 | 0507 – 1034/2022 |
| 19. Кондуктометар (ph/Cond meter SevenDirect) | 177000.00 | 0507 – 1029/2022 |
| 20. Лумитестер (Luminometer SMART) | 103278.32 | 0507 – 1044/2022 |
| 21. Апарат за загревање епрувети (суво загревање) | 35400.00 | 0507 – 1028/2022 |
| 22. Вакуум апарат за филтрација | 139,240.00 | 0507 – 1028/2022 |
| 23. Мешалица, дигитална со прачка | 61,360.00 | 0507 – 1028/2022 |
| 24. Турбидиметар | 54,516.00 | 0507 – 1028/2022 |
| 25. Мултипараметар CyberScan PCD | 108,642.60 | 0507 – 1028/2022 |

Во текот на оваа година благодарение на активноста на колегите од Универзитетската ветеринарна болница при ФВМС, нивната посветеност и амбиција во однос на подобрување на квалитетот на услугите, беше донирАн ултразвучен апарат Mindray DP 6600 со две сонди за преглед, што ќе овозможи унапредување на ултразвучната дијагностика, како и изведување на практичната настава на студентите.

Во овој дел на извештајот посебно ја истакнувам активноста на Катедрата по Хемија во зголемувањето на капиаталните вредности на Факултетот.

На 01.07.2022 година Факултетот за ветеринарна медицина потпиша договор со Македонското еколошко друштво (МЕД), за имплементирање на

проектот за заштита од труење на дивите животни (BalkanDetoxLIFE). Проектот е финасиран од Европската комисија, а се реализира преку спроведување на токсиколошки анализи и обдукција на материјалот. Треба да се напомене, дека со залагање на проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу и нејзиниот тим, за реализација на проектот од страна на МЕД, на Лабораторијата за аналитичка хемија на храна и храна за животни при Факултетот, донирана е лабораториска опрема (дигестор, спектрофотометар и центрифуга) во вредност од 25.000 EUR. Оваа донација е уште еден чекор кон опремувањето на Факултетот и зајакнувањето на капацитетите во борба против труења на дивите животни. Тоа, исто така претставува и солидна основа за изведување на токсиколошки анализи и за потребите на нарачатели надвор од нашата држава, особено во поширокиот регион.

Исто така, како што е познато, на Факултетот се реализира меѓународниот проект „Depletion of Veterinary pharmaceuticals and radiometric analysis of their residues in animala matrices" (Project code DS2041), кој што е финансиран од Меѓународната агенција за атомска енергија (ИАЕА), а раководител на проектот е проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу. Благодарејќи на постигнатите резултати во досегашните истражувања и работата на проектот, во 2022 година ИАЕА на Факултетот му донираше современ инструмент – бројач за течна сцинтилација TRI-CARB Liquid Scintillation Counter, во вредност од 30.440 EUR, како и дополнителен материјал за реализација на проектот во вредност од 25.920 EUR. Со оваа донација, нашиот Факултет станува единствена институција во Р С Македонија која што располага со ваков современ и софистициран инструмент. Со тоа, се прошируваат нашите капацитети за фундаментални истражувања, но истовремено и можностите и капацитетите за следење и евалуација на кинетиката и метаболизмот на одредени лекови и намалувањето на нивните остатоци и сродни супстанции кои што се користат кај животните.

Покрај горенаведените активности, Деканатската управа вложи напори да обезбеди дополнителни извори на финансиска помош преку

продлабочување на соработката со неколку институции во Р С Македонија, преку поврзување со јавниот и приватниот сектор заинтересиран за ветеринарни услуги и преку апликации за финансиски средства од УКИМ, Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за образование и наука.

Секако за ова имаа отворена подршка од мене како Декан а колегите преставуваат позитивен пример за тоа како се гради една институција и како треба преку ангажман да се допринесува за развој на Факултетот.

Инвестициите за унапредување и развој на Факултетот, пред се за капитални ресурси ќе продолжат и во иднина за кои јас како Декан заедно со Деканатската управа даваме целосна подршка.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, АКТИВНОСТИ НА ОПШТЕСТВЕНО НИВО И МОБИЛНОСТ НА КАДАР И СТУДНЕТИ

Меѓународната соработка на Факултетот континуирано се одвива на различни нивоа и области на регионално, европско и светско ниво.

Така, покрај бројните индивидуални меѓународни активности на наставно-научниот кадар на Факултетот, во изминатиот период продолжија да се реализираат и меѓународните програми и мрежи во кои Факултетот членува.

Во рамките на програмите за мобилност се реализираа следните мобилности:

1. Преку програмата ERASMUS + во 2022 година се реализираа вкупно 5 мобилности на наставен кадар од странство кој престојувал на Факултетот, а еден наставник од ФВМС претстојуваше преку ова програма на Факултетот за Ветеринарна Медицина при Универзитетот во Загреб. Дополнителни во два наврати беше искористена и мобилноста на ненаставен кадар при што на Факултетот беа во посета претставници од канцелариите за меѓународна соработка од Факултетите за ветеринарна медицина од Белград и Загреб.
2. Во рамките на CEEPUS програмата беа реализирани следните активности:
   - Учество на студенти од Факултетот на две летни школи
   - Факултетот оваа година беше домаќин и ја организираше Летната Школа „Animal Welfare, Veterinary Ethitcs and Law and communication skills“ од 29.08 – 03.09.2022 во Охрид, на која учество имаа 31 студент од вкупно 10 земји од Југоисточна Европа;
   - Три мобилности на докторанди од ФВМС беа искористени во рамките на оваа програма, а еден наставник ја искористи мобилноста за наставен кадар.

Дополнително, Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во рамките на своите меѓународни активности во изминатата 2022 година потпиша дополнителни билатерални договори за меѓународна соработка со научно-истражувачки институции од земји од регионот. Она што во овој дел се истакнува во 2022 година е зголеменото искористување на билатералните договори од страна на научно-истражувачкиот кадар при Факултетот во насока на зголемена соработка и заедничка наставно-научна работа со партнер институциите на ФВМС.

Следните договори се потпишани:

- Меморандум за билатерална соработка за вршење на лабораториски услуги во областа на ветеринарната медицина со Бугарската агенција за безбедност на храна – Софија, Република Бугарија (Одлука бр. 0202-1454/6 од 17.10.2022 година)
- Договор за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Белград и Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 0202-1178/12 од 31.08.2022 година)
- Договор за научна и техничка соработка помеѓу Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, Универзитет „ Св. Кирил и методиј” во Скопје и Институт за хигиена и технологија на месо, Република Србија(Одлука бр. 0202-1178/13 од 31.08.2022 година)
- Договор за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина со Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина(Одлука бр. 0202-756/13 од 2.06.2022 година)
- Договор за меѓународна научна соработка со Научен институт од Србија со бр. 03-1678 од 18.11.2022 година 04-5141/1 од 4.11.2022 година

- Договор за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Тракија, Бугарија и Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Договор бр. 03-1551 од 28.10.2022 година)

Одборот за меѓународна соработка во 2022 година како прва година од неговото постоење реализираше активности кои се во насока на востановување на основите на процедурите за меѓународна соработка и искористување на програмите за мобилност. Така согласно усвоената годишна програма за работа на Одборот, се реализираа следните активности:

- Работилница и расправа за потребата од Канцеларија за меѓународна соработка при ФВМС, пренесени искуства од Центарот за меѓународна соработка при Ветеринаниот Факултет од Белград;
- Усвојување на критериуми за селекција при мобилност во рамките на програмите за мобилност;
- Правилник за меѓународна мобилност во фаза на подготовка и
- Стратешки план за меѓународна соработка на ФВМС, во фаза на подготовка

Тука посебно сакам да ја истакнам одржаната промотивна работилница на програмите за мобилност на ФВМС наменета за докторандите, специјализантите и студентите на додипломски студии на Факултетот. Иста се одржа на 31.05.2022 година на Факултетот за ветеринарна медицина во рамките на Одборот за меѓународна соработка, беше одржана промотивна работилница со наслов *"Меѓународна мобилност при ФВМС"*. Целта на работилницата беше да се запознаат студентите на ФВМС за можностите и досегашните искуствата од учеството на достапните програми за мобилност.

Во рамките на работилницата, свое излагање имаа:

- Воведно обраќање - доц. д-р Мирослав Ќосевски и проф. д-р Ксенија Илиевска

- ERASMUS +, ЕУ програма за едукација, тренинг, млади и спорт - проф. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ
- Искуство од ERASMUS + мобилност во настава- Сара Георгиевска, ДВМ
- Искуство од ERASMUS + мобилност за летна пракса - Сандра Ташковска
- CEEPUS, Централно – Европска Програма за размена во едукација и истражување - проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу
- Искуство на студентска мобилност реализирана преку CEEPUS - Методи Илиески
- Искуство на мобилност на докторанди реализирана преку CEEPUS - Димитар Божиновски, ДВМ
- Можности за мобилност преку учество во летни школи (VETNEST network) - проф. д-р Влатко Илиески
- Мобилности преку Билатерални договори на ФВМС - доц. д-р Мирослав Ќосевски
- Студентско организирање – Студентско собрание - Методи Илиески
- Презентација на IVSA и меѓународни искуства на студентите - Емилија Мурџева

Одборот за меѓународна мобилност својата работа ќе ја продолжи во рамките на годишна програма за 2023 година која ќе биде предложена до Наставно-научниот совет на Факултетот.

Со цел следење на активностите во делот за меѓународна акредитација на наставата, во извештајниот период Факултетот со свои преставници од Деканатската управа и координаторот за EAEBE учествуваа на 35. Генералното собрание на EAEBE, кое се одржа во периодот од 09-10.06.2022 година на Универзитетот во Цирих, Швајцарија.

Собирот го отвори и со него претседаваше актуелниот претседател на EAEVE, проф. д-р Стефан Мартинот. Работниот дел на настанот започна со кратка презентација на минатогодишниот извештај од собирот одржан на Универзитетот во Торино (Италија), по што следеше и извештај за

годишното работење на претседателот. Особен акцент беше ставен на сеуште актуелната состојба со COVID-19 пандемијата, каде и покрај предизвикот во текот на изминава година биле спроведени вкупно 26 визитации. Особен акцент беше ставен на престојната евалуација на EAEVE од страна на ENQA (официјално европско евалуациско тело), за што како координатор во однос на процесот на евалуација е назначен проф. Филип Дуфус.

Една од новините која се воведува за прв пат од 2022 година е плаќање на заедничкиот надоместок за членство и евалуација во рамките на EAEVE т.н MEF, кој ги вклучува членарината и надоместокот за процесот на евалуација (ESEVT), кој за членки изнесува 4.000 евра, додека за земји кандидати изнесува 2.700 евра. Надвор од овој систем, надоместокот за повторна визитација изнесува 3.000 евра, додека за преелиминарна визитација е 5.000 евра. Со цел да се избегнат трошоците поврзани со откажување или пролонгирање на веќе договорените визитации, беше предложено и изгласано плаќање на т.н финансиски пенали од дополнителни 4.000 евра. Од страна на проф. д-р Петра Винтер, подпреседател на EAEVE беше презентиран извештајот на ExCom, по што следеше евелуацискиот извештај за 2021 година. Во изминатата година биле спроведени вкупно 26 визитации, од кои 13 целосни визитации, 8 ре-визитации, 4 консултативни и 1 посета од фаза 2 (QA). Од предвидените посети за 2021, само 3 се одложени заради COVID-19 пандемијата. По извештајот за извршените визитации, следеше извештајот на ESEVT (европски систем за евалуација на ветеринарна настава), како и презентација на измените во однос на СОП процедурите.

На едукативниот дел беа одржани бројни презентации со посебен акцент на менторскиот систем на студентите, со посебен осврт на нивната благосостојба, концептот едно здравје (One health & One welfare), како и презентации на минатогодишните активности на партнерските организации на EAEVE (IVSA, FVE, AVMA, AAVMC, EBVS, VetCEE).

Традиционално и оваа 2022 година, Факултетот беше активен во мрежата на ветеринарни факултети VetNEST (мрежа на факултети /универзитети по ветеринарна медицина чија осовна задача е билатералната и мултилатералната соработка меѓу факултетите за унапредување на наставниот процес, како и организирање меѓународна размена на студенти, наставен и соработнички кадар. Во период од 14-17.09.2022 година, делегација од ФВМС присуствуваше на годишното собрание на мрежата VetNest која се одржа на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Љубљана, Словенија. Покрај претставници од нашиот Факултет, на состанокот учествуваат и претставници од сите останати Факултети/универзитети членки на мрежата VetNest: Универзитетот за ветеринарна медицина од Виена (Австрија), Универзитетот за ветеринарна медицина во Будимпешта (Унгарија), Универзитетот за ветеринарна медицина и фармација од Кошице (Словачка), Универзитетот за ветеринарна медицина во Брно (Чешка), Ветеринарниот факултет од Загреб (Хрватска), Ветеринарниот факултет во Љубљана (Словенија), Ветеринарниот факултет од Сараево (Босна и Херцеговина), Ветеринарниот факултет од Белград (Србија), Факултетот за ветеринарна медицина од Вроцлав (Полска) и Ветеринарниот факултет од Тирана (Албанија).

Состанокот го отвори актуелниот претседател на VetNest, проф. д-р Тибор Барта кој најпрвин ги поздрави присутните и го продолжи состанокот согласно дневниот ред кој е даден во прилог на овој записник. По усвојување на записникот од минатогодишното собрание одржано преку виртуелна конференција, согласно дневниот ред претставниците од земјите членки, укажуваа на актуелните промени кои се спроведени во текот на изминатата година како во рамките на структурната организација, новите студиски програми, мобилности, проекти, како и посебен осврт на актуелната состојба во Украина и барањето од страна на студентите од ветеринарните факултети во Украина за нивен трансфер и продолжување со студии во останатите Европски земји.

Кратко излагање во однос на изведување на наставата на далечина имаше проректорот за настава од Универзитетот за ветеринарна медицина

од Виена, проф. д-р Јурген Рехагт кој покрај тоа што укажа на бројни позитивни страни во однос на наставата на далечина, поголем дел од претставниците на останатите факултети ја нагласија потребата за одржување на настава со физичко присуство.

Во изминатиот приод Факултетот даваше активна поддршка на вработените и на студентите за учество во летни школи, студентски конферноции, размени и сл.

Во рамките на CEEPUS мрежата Факултетот и оваа година беше активен преку мобилности.

Така, Александар Трајчовски докторант на ФВМС, во рамките на CEEPUS mobility програмата оствари (short-term) мобилност за докторанти во периодот од еден месец (31.01.2022 – 28.02.2022) на Ветеринарниот факултет во Љубљана, Р.Словенија.

Димитар Божиновски, докторант на ФВМС исто така оствари едномесечна посета на Ветеринарниот факултет во Загреб, Хрватска во периодот од 01.03.2022 – 31.03.2022.

Максуд Крлуку, докторант на ФВМС преку CEEPUS програмата оствари едмомесечна посета на Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена, Австрија во период од 01.05.2022 – 31.05.2022.

Проф. д-р Влатко Илиески преку програмата за мобилност CEEPUS, учествуаше како предавач на летната школа "Зоонози" во Дубровник, Р Хрватска во организација на Ветеринарниот факултет во Загреб, во периодот од 24-30 април 2022 година.

Исто така и студентите активно ја користеја CEEPUS програмата за учество во летни школи.

Така два студента (Методи Илиески и Ненад Димовски) во периодот од 24.04.2022-30.04.2022 учествуваа на летна школа за студенти – "Зоонози" во Дубровник, Р Хрватска во организација на Ветеринарниот факултет во Загреб.

Два студента (Андреа Стојановска и Бојана Чапункoвска) во преиодот од 15.06.2022- 25.06.2022 учествуваа на летна школа за студенти - "Заштита на агробиодиверзитетот и зачувување на автохтоните раси на домашни

животни“ во Стара Планина, Р. Србија во организација на Ветеринарниот факултет во Белград.

Во рамките на оваа програма Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во период од 29.08.2022 – 03.09.2022 беше домаќин на летната школа „Благосостојба на животните, ветеринарна етика и право и комуникациски вештини“ со повеќе од 30 студенти од различни факултети за ветеринарна медицина и 9 наставници од кои преку CEEPUS програмата пресотјуваа Ева Восларова од Униврзитетот за ветеринарни науки-Брно и Крешмир Северин од ветеринарниот факултет во Загреб, двајца предавачи од ФВМС, проф. д-р Влатко Илиески и доц. д-р Мирослав Ќосевски, додека другите предавачи ја искористија ЕРАЗМУС програмата.

Делагација од Факулетот во период од 3-8 мај 2022 година, на покана од страна на Деканот на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Сараево оствари посета каде беа презентирани досегашните активности на Ветеринарниот факултет. Покрај презентацијата од страна на Деканот, имавме можност да ги посетиме капацитетите на Ветеринарниот факултет - анатомскиот музеј, клиниките и лабораториите во рамките на Факултетот и Ветеринарниот институт. При посетата беа потпишани два билатерални договори за меѓусебна соработка, со цел унапредување на образовните, научните и апликативните активности, преку кои се овозможува мобилност на професорите, соработниците и студентите, и размена на експерти во врска со подготовката и реализацијата на евалуациските процеси што се спроведуваат согласно со стандардите на EAEVE (European Association of Establishments for Veterinary Education). Воедно, со овие договори се овозможува заедничко создавање, развој и промовирање на иновативни едукациски програми, спроведување на перманентни курсеви, изработка на заеднички научно-истражувачки програми и проекти од зеднички интерес од областа на ветеринарната медицина, како и аналитички лабораториски услуги од опсегот на акредитација за ИСО 17025.

На 10.11.2022 година Факултеот со своја делегација (проф. д-р Лазо Пендовски, проф. д-р Деан Јанкуловски и доц. д-р Мирослав Ќосевски)

присуствуваа на 103 годишнината од основањето на Ветеринарниот факултет во Загреб при што беа остварени бројни средби и контакти кои овозожуваат продлабочување на соработката која постои помеѓу двата Факултета.

Исто така делагацција од ФВМС предводена од деканот проф. Пендовски во периодот од 23 до 25 ноември 2022 година, по покана од страна на Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, присуствуваа на свечената седница по повод прослава на 86[та] годишнина од формирање на Факултетот. На настанот учествуваме на дискусијата и размената на искуства во однос чекорите за престојната ЕАЕВЕ визитација.

На полето на општествената активност, деканот се трудеше максимално да се вклучат сите вработени преку нивна номинација во стручните и професионални асоцијации од областа на ветеринарната медицина, координативни тела и работни групи од разни министерства и агенции како и во универзитетските тела.

Соработката на нашиот Факултет е на исклучително виско ниво со останатите факултети од УКИМ, а пред сè оние кои ни даваат наставни услуги преку наставници и соработници ангажирани во наставниот процес, но и соработката со биотехничките факултети од нашиот кампус, со кои оствaруваме исклучителна соработка и постојано бараме начини за нејзино продлабочување и проширување.

Сите овие превземени активности на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје овозможуваат да во рамките на Универзитетот, државата и во опкружувањето, континуирано се потврди неговото високо реноме.

# 7. СТУДЕНТСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И СТУДЕНТСКИ АКТИВНОСТИ

Факултетот за ветеринарна медицина- скопје во тесна соработка со студентите и посветува посебна грижа за вклучување на студентите во сите облици на делување на Факултетот. Претставниците на Факултетското студентско собрание (ФСС ФВМС)вучествуваат во работата на органте (ННС и ДУ) и имаат свој претставник и во Комисијата за самоевалуација. Барањата поврзани со наставниот процес, за финансиска помош, барањата на нивните активности и сл., беа позитивно решавани на седниците на Деканатската управа.

Студентите се најважниот сегмент од наставниот процес и се носители на инвентивноста а тоа е докажано преку нивното учество како демонстратори на Факултетот но и нивната желба да бидат вклучени во клиничката практика која се одвива во Универзитетската ветринарна болница. Исто така беа активно вклучени во промотивните активности на Факултетот но исто така организираа промоција преку настани кои широко ја афирмираат улогата на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје.

Сепак во 2022 година не е забелжана зголемена активност како што тоа беше во изминатите години. Тоа особено се одрази кај Интернационалната ветеринарна студентска асоцијација (ИВСА).

Од тие причини во текот на следната година ќе побарам од студентите проактивна улога и да се вратат на нивото од 2018-2019-2020 година кога бележеа значајни успеси, учествуваа на студентски конгреси, студентски рамени, организираа базари и сл.

Како декан ги охрабрувам да почнат иницијатици за што Деканатската управа позитивно ќе се произнесе за секоја нивна идеа која е од интерес на Факултеот.

# 8. КАДРОВСКА СОСТОЈБА НА ФАКУЛТЕТОТ

Почитувајќи ја интегративноста на Универзитетот во однос на решавањето на проблемот со примање на нови кадри во нашата институција, деканот на Факултетот и во изминатата година превзеде низа активности за подобрување на кадровската состојба на институцијата.

Актуелен проблем претставува кадровската екипираност на одредени катедри, недостаток на асистенти, доктори по ветеринарна медицина, стручни соработници, стручни соработници-аналитичари, лаборанти, ветеринарни техничари и кадри во административната служба.

За таа цел поднесени се повеќе барања за вработувања преку Универезитетот до Министерството за образование и наука и Министерството за финасии и тоа:

- Барање (ургнеција 1) согласност за ангажирање на 10 лица врз основа на авторски договор за 2022 година со врска: барање со арх. бр. 03-159 од 3.11.2021 година од ФВМ-С (арх. бр. 03-77 од 24.01.2022 година)
- Барање согласност за вработувае на неопределено време Стручната и административна служба на Факултетот (Арх. бр. 03-78 од 24.01.2022 година)
- Барање за нови вработувања за асистенти на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје за 2022 година (арх. бр. 03-79 од 24.01.2022 година)
- Барање согласност за ангажирање на едно лице во рамки на Научно - истражувачки проект финансиран од Министерство за образование и наука ( арх. бр. 03- 178 од 07.02.2022 година)
- Барање за нови вработувања на персонал на неопределно време на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје (Арх. бр. 03-692 од 11.05.2022 година)
- Барање за нови вработувања на персонал на неопределно време на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје (Арх. бр. 03-1299 од 13.09.2022 година)

- Ургенција за барање согласност за постапка за избор во звање од Министерство за финансии согласно член 9 став 4 од Колективен договор за високо образование и наука (Арх. бр. 03-1433 од 05.10.2022 година) а во врска со Доставено барање со бр. 1595 од 09.11.2021 и Доставено барање со бр. 03-80 од 24.01.2022
- Барање согласност за ангажирањето на 10 лица врз основа на договор на дело за 2023 година согласно член 9 од Законот за трансформацција во редовен работен однос (Арх. бр. 03-1750 од 30.11.2022 година)
- Барање за ново вработување на неопределно време на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје (Арх. бр. 03-1299 од 13.09.2022 година)
- Барање за добивање на согласност за нови вработувања на асистенти и доктори по ветеринарна медицина на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје за 2023 година (Арх.бр. 03-1751 од 30.11.2022 година)

Сите барања се подржани од Униврезитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје за позитивно да се решат.

На иницијативата на деканот а по поднесено барања за вработувања во 2022 година Министерството за финасии достави известување бр. 18-3081/2 од 29.3.2022 преку Министерството за образование и наука дека за потребите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, на неопределено време, во Буџетот на МОН се обезбедени финансиски средства за вработување на осум (8) лица време од кои четири (4) лица, асистенти на ниво В1 – со завршено високо образование, три (3) лица, доктор по ветеринарана медицина на ниво Г1- со завршено високо образование и едно (1) лице, стручен соработник –аналитичар на ниво Г1-со завршено високо образование.

По донесување на соодветни одлуки од Наставно-научниот совет на Факултетот се утврдија потреби за распишување конкурс во соработничко звање на 1 (еден) Асистент во наставно -научните области 40706 – Микробиологија и 40705 – Имунологија, соработничко звање на 1 (еден)

Асистент во наставно -научната област 40722 – Рентгенологија и физикална терапија, соработничко звање на 1 (еден) Асистент во наставно -научната област 40717 – Заразни болести и во соработничко звање на 1 (еден) Асистент во наставно -научните области 40719 – Хирургија, 40720 – Офталмологија и 40721 – Ортопедија.

Така, Факултетот врз основа на член 172 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018 и „Сл. Весник на РСМ “ бр. 178/2021 ), член 26 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Униveritетски гласник бр. 411/ 2018 година) и одлуките на Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 0202-412/12, бр. 0202 - 412/13, бр. 0202 - 412/14 и бр. 0202 - 412/15 од 30.03.2022 година се распиша Конкурс за избор во соработничко звање “асистент” за соодветните области.

По завршување на сите формално-прави процедури (Одлуки од ННС за комисии, објава на рецензии во Билтен и сл.) Факултетот после 15 години за прв пат успеа да запосли 4 асистенти со преставува унапредување на наставниот процес.

Дополнително беа спроведени и јавни огласи за вработување и на останатите 4 (четири) лица на неопределено време на следните работни места (доктор по ветеринарна медицина, извршители: 3 (три) и Стручен соработник-аналитичар, извршител: 1 (еден) кои исто така по завршувањето на формално-правните постапки беа пополнети со соодветне кадар.

Исто така нашите барања резултирааа со добивање на согласност за ангажирање на 10 лица врз основа на договор на дело за 2022 година.

Имено Деканатската управа донесе Одлука бр. 0201-152/1 од 03.02.2022 година а во врска со добиената согласноста за ангажирање на 10 лица врз основа на договор на дело добиена од Министерството за финансии со бр. 18-11981/2 од 13.01.2022 година и известувањето од Министерството за образование и наука бр. 14-519/2 од 1.02.2022 година и распишаниот оглас за ангажирање на десет (10) лица врз основа на договор

на дело за потребите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за период до 31.12.2022 година со бр. 03-162 од 04.02.2022 година

За спроведување на постапката за ангажирање на десет (10) лица врз основа на договор на дело за период до 31.12.2022 и се формира Комисија за селекција на кандидатите (проф. д-р Деан Јанкуловски, проф. д-р Пламен Тројачанец и проф. д-р Кирил Крстевски).

Комисијата достави записник бр. 03-242 од 16.02.2022 година од спроведена постапка за селекција на кандидати ангажирање на десет (10) лица врз основа на договор на дело по извршеното интервју со пријавените кандидати.

Врз основа на Записникот од спроведена постапка за селекција на кандидати ангажирање на десет (10) лица врз основа на договор на дело бр. 03-242 од 16.02.2022 година а во врска со Одлуката на Деканатската управа бр. 0201-152/1 од 03.02.2022 година и добиената согласноста за ангажирање на 10 лица врз основа на договор на дело добиена од Министерството за финансии со бр. 18-11981/2 од 13.01.2022 година и известувањето од Министерството за образование и наука бр. 14-519/2 од 1.02.2022 година и распишаниот Оглас за ангажирање на десет (10) лица врз основа на договор на дело за потребите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за период до 31.12.2022 година со бр. 03-162 од 04.02.2022 година, се донесе Одлука бр. 03-245 од 17.02.2022 година и се избраа кандити (Борис Димитриевски, Ана Галевска, Стефанија Маркозанова, Ида Куциноска, Софи Ѓорческа, Лариса Шаќири, Сара Ѓорѓиевска, Ивица Велковски и Виолета Јанковиќ Велкоска) кои ги исполнуваа услобвите од огласот. Со избраните кандидати се потпишаа договори согласно согласноста за ангажирање добиена од Министерството за финансии со бр. 18-11981/2 од 13.01.2022 година и известувањето од Министерството за образование и наука бр. 14-519/2 од 1.02.2022 година за период до 31.12.2022 година.

Дополнително по добиена согласност од Министерството за финасии бр. од 18-10186/2 од 18.10.2022 година, согласност од Министерството за инфоматичко општество и администрација бр. 10-4361/2 од 13.10.2022 година и потпишаната Спогодба за преземање на вработено лице-наставен

кадар заснована на Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф. д-р Елена Давитковска, вработена на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје работните задачи и обврски која ги извршуваше на Економскиот институт во Скопје како наставен кадар на работно место во звањето редовен професор, со шифра ОБН 03 02 А01 001, по пат на преземање продолжува работните задачи и обврски да ги извршува на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Со тоа е пополнето уште едно наставно место за кое во изминатите 30 години Факултетот "изнајмуваше наставник" за да ја пополнува наставната програма.

Вработување има и во администрацијата на Факултетот. Така по поденсено барање е добиена согласност од Министерство за финасии бр.18-10707/2 од 2.12.2022 година односно со арх. бр. 14-11732/3 од 5.12.2022 година заведено во Министерство за образование и наука на РС Македонија за помлад соработник за деловно работење согласно актите на ФВМС. По завршување на административните активности формирана е Комисија за спроведување на Огласот за работното место помлад соработник за деловно работење.

Овие процеси се заслуга на Декантската управа која визионерски и во вистинки моменти ги донесува содветните одлуки, поденсува иницијативи и барања со ресорноте институции а кои резултираат со допринос за зголемување на кадровската екипираност на Факултетот.

Но мора тука уште еднаш да потсетам дека се уште не е решен проблемот на веќе поднесените барања за согласности за нашите докторанти кои е предвидено во актоте на ФВМС да бидат избрани во звања и каде ги известуваме дека Факултетот е спремен овие трошоци да ги покрие и од сопствени приходи доколку дозволи Министерството за финасии со цел непречено напредување во кариерата а кои на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје согласно стариот Закон за високото образование (Службен весник бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15,

20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) во кој не постоеа асистенти, беа даватели на јавни услуги и беа со одлуки на Деканатската управа и Наставно - научниот совет активно вклучени во наставниот процес како докторанди помошници во наставно-образовниот процес при помагање во подготвувањето и изведувањето на лабораториски вежби, клиничка и теренска настава со цел остварување научна и високообразовна дејност на Факултетот. Истовремено Минсистерствата се известени тека во текот на изминатите години Факултетот спроведе исти процедури (пред донесување на Колективниот договор за високото образование) за уште две звања, еден научен соработик и еден доцент, за кои немавме никакви забелешки, примедби или сугестии од МОН или МФ пак од било кој друг државен орган и ги замолуваме врз основа на претходно спроведените процедури се овозможи унапредување на наставниот процес на наставни предмети на Факултетот.

И покрај испратената ургенција и бројните барања за согласност за постапка за избор во звање од Министерство за финансии согласно член 9 став 4 од Колективен договор за високо образование и наука (Арх. бр. 03-1433 од 05.10.2022 година) а во врска со Доставено барање со бр. 1595 од 09.11.2021 и Доставено барање со бр. 03-80 од 24.01.2022, одговорите за жал се уште ги чекаме.

Сепак, Деканатската управа и понатаму упорно ќе се заложува и ќе ги користи сите расположливи инструменти за да во иднина добиеме што е можно повеќе согласности за работни места со цел кадровско екипирање на ФВМС и тоа на сите можни позиции вклучително наставно-образовен кадар, стручен кадар, лаборанти и вработени во стручно-администативната служба на ФВМС.

# 9. УНАПРЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА ВО ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ СО ПОДОБРУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНАТА СОСТОЈБА НА ФАКУЛТЕТОТ

Финансиските извештаи кои се законска обврска се реализираат навремено од страна Факултетот за ветеринарна медицина.

Изготвувањето на финансиските планови, плановите за јавните набавки, нивното спроведување и сл., вклучително и дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно изготвување на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите редовно се превземаат преку соодветни мерки и постапки од страна на Деканатската управа на Факултетот како орган на управување за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Наставно - научниот совет на Факултетот донесе Одлуки бр. 0202-237/2, 0202-237/3 и 0202-237/4 од од 21.02.2022 година со кои ги усвои финансискиот план за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за 2021 година, финансиските извештаи и завршните сметки на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за 2021 година како и Извештајот за реализираната распределба на дел од средствата стекнати од партиципација и кофинансирање на трошоците за студирање на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје за 2021 година.

Проблемите со кои се соочува Факултетот при одобрувањето на финансискиот план од страна на надлежните институции (Министертвото на финасии преку Министерство за образование и наука) во делот на реално

планирање на расходите, како и ефектите кои овие проблеми ги создаваат врз работењето на Факултетот се сеуште присутни. За надминување на овие проблеми константно се прават напори и се изготвуваат барања за проширување на финансискиот план со цел правилно раководење на Факултетот кој треба да вклучува и развојна компонента.

Но и покрај сите овие проблеми Факултетот успева да работи финансиски позитивно и да ја одржи ликвидноста на институцијата.

Во работата, Деканатската управа ја форсира политиката на рамноправно и транспарентно инвестирање во сите организациони единици за одржување на постојните и проширување на капацитетите.

Во изминатиот период беше изготвена нова "Методологија за утврдување на цените на стручните анализи и услугите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот Св. "Кирил и Методиј" во Скопје" (Одлука бр. 0201 –1061/3 од 22.07.2022 година) со која се редефинира утврдувањето на цената на чинење на извршените стручни анализи и услуги на Факултетот за ветеринарна медицина–Скопје, со што се надминува ризикот за нерентабилно работење. Врз основа на новата методологија за утврдувањето на цените на услугите за корисници се применува методот на утврдување на точката на рентабилитет каде конечната цена кон корисниците на услугите се сведува на добивање на процент на добивка врз база на фиксни и варијабилни трошоци кои се поврзани за елементите на планирање на структурата на трошочната компонента на работењето врз база на реалните трошоци за изминатите периоди и/или на трошоци на слични или сродни услуги. Исто така определен е начинот на пресметка на вкупните трошоци при утврдување на цената се збир од фиксните трошоци и варијабилните трошоци помножени со единици услуги, каде што се претпоставува дека Факултетот има константни фиксни трошоци и пропорционални варијабилни трошоци со обемот на услугите Вкупниот приход е производ од единиците услуги и нивната цена. Новата методлогија дава заштитна улога на Факултетот при зголемена конкуренција и неповолна положба на пазарот на услуги кога може да примени алтернативни цени на краток рок, со цел носење на

рационални одлуки за финансико работење и надминување на настанатите неповолни услови на стопанисување.

Со овие превземени чекори се овозможува на рентабилно работење на Факултетот што прествува највисок приоритет во работата на деканот и Декантската управа.

Посбено сакам да ги издвојам позитивните извештаи од Државниот завод за ревизија кој изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Факултет за ветеринарна медицина на сметката на основен буџет (603) и на сметката на приходи остварени од самофинансирачки активности (788) за 2020 година, по што достави конечни извештаи на овластениот државен ревизор со број: 23-735/5 од 09.05.2022 за сметката 603 и број: 23-735/6 од 09.05.2022 за сметката 788.

Видно од јавно објавените извештаи, не постои единица од УКИМ која има добиено вака високо оценети позитивни извештаи што ја потврдува заложбата на деканот и Декантските управи (претходната и сегашната со која раководам) за соодветна примена на легислативата а посебно онаа која се однесува на финсиската работа, а во услови кога се детектираат системски слабости на органите во државата на кои Факултетот нема никаво влијание.

Оваа состојба и понатаму ќе остане пракса на Факултетот бидејќи веќе се воспоставени трајни механизми и вредносни системи кои овозможуваат јасна и прецизна контрола на работењето на раководниот орган (декан) и органите на управување (Деканатската управа и Наставно-научен совет) кои носат акти од значење на Факултеот но секако и лабораториите преку централниот магацин при вршењето на лабораториска дејност која ја има најголемата финансика импликација на Факлултетот. Еден од овие механизми се и контролата преку централниот магацин кој овозможува солиден преглед на добавувачите. Софтверски постојано се врши надградба за поефикасна контролира на набавката на материјали (реагенси, китови, потрошен материјал и сл.), за да се избегнат непотребните трошоци за набавки на вишоци и создавање на непотребни залихи.

Тука посебно сакам да го потенцирам залагањето на деканот со неговиот тим за зголемување на платата што е врвен приоротет преставен во прогармата на деканот. Оваа заложба е остварена и платата на вработените во месец септември е зголемена.

Имено, со првеземените дејствија платата е вратена и е зголемена над нивото од 2010 година кога од нејасни причини беше одлучено платата на врботените да се намали за скоро 30%, што преставуваше серозен губиток кај сите вработени. Деенс платата на вработените на ФВМС е на анјвисокото ново кое некогаш го имал овој Факултет.

Со тоа е остварено уште една реализација на програмските определби на деканот која се должи на аналитичкиот пристап на Одделението за административни работи, воведувањето на Продекан за финансии, градењето на добри политика на деканот и на Деканатката управа и заложбите и трудољубивоста на вработените.

За зголемување на наплатата на побарувањата, а посебно за да не дојде до застарување на истите, во текот на годината се поднесувани тужби за наплата од коминтентите со долг, со што се заштитуваа интересите на Факултетот. Исто така, редовно се доставуваа и опомени кон коминтентите, со што се подобрува наплатата, а и се гради добар деловен однос, а воедно и се избегнуваат додатните трошоци за поднесување на тужби и решавање на спорови по судски пат.

Оваа година со цел подобрување на фактурирањето, распишана е јавна набавка за надградба на постоечки компјутерски софтвер за прием и издавање на разултати со автоматизиран внес на цени за извршени лабораторски услуги која предвидува воспоставување на нов модул – ценовник со следниве можности со можности за конфигурација на повеќе видови на ценовници (врз основа само на СОП-ови, врз основа само на аналити, к врз основа на комбинација аналит, соп и вид на мостра, конфигурација на ценовник со креирање на групи на вид на мостри исл. ) ос автоматско фактурирање на известување и можност за потпишување на фактури со електронски потпис од овластени лица во системот за “е-Достава” со цел клиентите сами да имаат можност да ја преземат.

Активнстите се во тек и се очекува нина имплементација во периодот што следи.

Во поглед на јавните набавки, навремено се носи планот на јавни набавки и истиот се објавува на интернет странатa на Факултетот и на ЕЈСН интернет порталот што преставува законска обрска согласно новиот Закон за јавни набавки. Во извештајниот период планот за јавни набавки успешно се реализира со распишување на скоро сите јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) кои се објавени транспарентно. Овој комплексен систем на јавни набавки е воден од стручни и оспособени лица од Факултетот заедно со бројните комисии составени од вработени кои неуморно ги реализираат потребите на ФВМС.

Факултетот преку правилно и навремено планирање, јавно, транспарентно и непречено од сметката од самофинансирачки активности набавува опрема, потрошен материјал и реагенси за континуирано работење на лабораториите на ФВМС, сервисирање, калибрирање и валидација на сета опрема за потребите за акредитација, набавка на профишенси тестови, длабоко замрзнато семе за i/v феретилизација, храна за животните и се останато кое детално е наведено во плановите за јавни набавки и објавено транспарентно на страната на ЕЈСН. Секако тука се вклучени и набавките за потребите на практичната настава, за потребите во науката и административните потреби на Факултетот.

Факултетот оваа година покрај задолжителните 40% од буџетот предвиден за студентите издвои дополнителни средства од самофинасирачки извори за потребите на теориската и практичната настава од кои се набавени реагенси, опрема и нагледни средства за изведување на практични вежби, а обезбедени се и средства за транспорт и изведување на теренска настава за посета на фарми (говеда, овци, свињи, живина), рибници, ловни резервати и стопански субјекти од млечната и месната индустрија и др.

Унапредувањето на условите и организацијата во финансиското работење со подобрување на материјалната состојба на Факултетот и во иднина ќе биде приоритет во работата на деканот и Деканатската управа.

# 10. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Во извештајниот период одржувани се редовно седниците на телата на Факултетот помеѓу кои се 11 редовни седници на Наставно-научниот совет и 14 редовни седници и 4 вонредни седници на Деканатската управа. Седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа се свикуваа навремено со нивно темелно подготвување, со цел тие да бидат што поефикасни и поконструктивни.

Како декан се придржував на спроведувањето на важечките законски прописи и нормативни акти на Факултетот, Универзитетот и државата.

Особен акцент давав на извршувањето на одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа. Грижата за вршење на високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност беше во приоритетите на моето работење според постојните законски и нормативни акти.

Анализирајќи ги записниците од Наставно-научниот совет, може да се констатира дека во најголема мера се разгледувани прашања поврзани со наставата, прашања поврзани со изготвувањето на студиските програми, избори и реизбори на наставен и научен кадар, пријави на докторски дисертации, усвојување на извештаи на рецензентски комисии, прифаќање апликации за проекти, усвојување на стратешки документи и правилници како и донесување на одлуки во надлежност на ННС.

Сепак овде би сакал да истакнам неколку донесени одлуки на ННС кои имаа и ќе имаат круцијално влијание врз работата на Факултетот.

Една од поважните одлуки беше одлуката за усвојување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Наставно-научниот совет на седницата одржана на 2.06.2022 година донесе Одлука бр. 0202-756/12-3 од 2.06.2022 година за Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Земајќи во предвид дека реформите на Факултетот треба да се спроведат, а притоа измената на Статутот преставува значајна реформа која подразбира и променета организациона поставеност која е суштинска за функционирање на Факултетот, деканот предложи до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, врз основа на член 63 став 3 од Статутот на ФВМС, да спроведе тајно гласање за Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Притоа избра Комисија во состав од проф. д-р Игор Џаџовски – претседател, доц. д-р Елена Атанаскова Петров – член и доц. д-р Мартин Николовски – член кои го сптоведоа тајното гласање. На седницата беа присутни 34 членови на Наставно-научниот совет, односно присутни беа повеќе од 2/3 од вкупниот број негови членови за полноважно одлучување. Комисијата по спроведеното тајно гласање, утврди дека од вкупно запишани за гласачкиот список – 37, гласале вкупно – 34, неупотребени гласачки ливчиња се 3 а неважечки ливчиња е 1. По пребројувањето на употребените гласачки ливчиња, Комисијата утврди дека измените на Стаутот се донесени со мнозинство од кои “за“ – гласале 27 членови, а „против“ - гласале само 6. По објавување на резултатите на Комисијата се донесе одлука со која се усвои Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Една од најзначајните измените на овој Статут е обединувањето на внатрешните организациони единици - институти од три на еден со име Национален институт за ветерина и храна и издвојување на катедрите како засебни единици кои ќе можат самостојно и независно да ја развиваат наставната дејност која е основната дејност на Факултетот.

До поднесувањето на овој извештај Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е во постапка пред органите на Универзитетот.

Во овој дел на извештајот ги издвојувам и одредени општи акти кои се донесоа од страна на Наставно-научниот совет а по предлог на Деканатската управа и кои ги поминаа сите релевантни инстанци на Универзитетот, се објавени во Универзитетски гласник а имаат влјание на работата на Факултот, и тоа:

- Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (пречистен текст) (Универзитетски гласник бр. 625 од 24 Октомври 2022)
- Правила за начинот на постапување по поплаки и жалби на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 620 од 6 Септември 2022)
- Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Анекс бр. 11) (Универзитетски гласник бр. 615 од 15 Јуни 2022)
- Правилник за постапката и начинот на организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 600 од 04 Март 2022)
- Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 600 од 04 Март 2022)
- Правилник за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите (Универзитетски гласник бр. 588 од 07 Февруари 2022)
- Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 586 од 14 јануари 2022)

Посветноста на мене како декан и Декантската управа кон Факултетот за создавање на услови и исполнување на критериумите за негова меѓународна акредитација кон EAEVE се потврди со Одлуката на Нставно-научниот совет бр. 0202-756/13 донесена на седницата одржана на 2.06.2022 година кога се одлучи визитацијата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за членство во EAEVE да биде во 2024 година, а визитација за акредитација да биде во 2027 година. Оваа одлука е доставена до претседателството на ЕАЕВЕ и претставува исчекор кој неминовно ќе допринесе за развој на Факултеот.

На оваа одлука и претходеше Одлуката бр. 0202-412/11 од 30.03.2022 година со која се усвои "Акцискиот план за отпочнување на активности за исполнување на стандардите на EAEVE (European Association of Establishments for Veterinary Education)" поднесен од координаторот проф. д-р Влатко Илиески. Веднаш потоа се донесе и нова конкретна одлука со која се усвојува планот за отпочнување активности за исполнување на стандардите за EAEVE за периодот 20 јуни — 1 октомври 2022 година. (Одлука бр. 0202-852/5 од 17.06.2022 година).

Координаторот за ЕАЕВЕ акредитација проф. д-р Влатко Илиески поднесе извештај бр. 03-1204 од 26.08.2022 година кој исто така беше позитивно прифатен за досегашните активности за воспоставување на систем за евиденција на наставниот процес според EAEVE стандардот со Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-1178/18 од 31.08.2022 година.

Во насока на изготвување на евидентниот процес иницирано е на советот да се донесе одлука за формирање на Комисија за креирање на евидентни документи за реализација на наставниот процес согласно EAEVE стандардите на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав проф. д-р Влатко Илиески, координатор за EAEVE, проф. д-р Ксенија

Илиевска, продекан за настава и проф. д-р Игор Улчар, координатор за ЕКТС ( Одлука бр. 0202 - 1454/9 од 17.10.2022 година).

Сите овие одлуки допринесоа процесот на ЕАЕВЕ акредитација на Факултетот да започне со засилено темпо во следниот период кој следува за што од страна на Деканатската управа се превземаат сериозни чекори во насока на експетртизи од странски експерти и анализи од наставнниот кадар на ФВМС а кои ќе резултираат со конкретни дејствија кон приближувањето на стандарадите од ЕАЕВЕ.

Овие иницијативи се придонес кон меѓународната акредитација на Факултетот а се дел од Стратегија за развој на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за периодот 2017/2018 – 2022/2023 усвоена со Одлука на ННС бр.0202-625/2-6.

Сето горенаведено укажува на фактот дека се створени претпоставки и услови за исполнување на поглавјето 1 (Цели и стратегија на Факултетот) од стандардите на ЕАЕВЕ за што Деканаткста управа силно се злага и во наредната година ќе предложи низа мерки и конкртни решенија з унапредување на високобразовната дејноста на Фаултеот.

И на одржаните седници на Деканатската управа се донесени голем број на одлуки кои допринесоа за развој на Факултетот. На седниците се рагледувани прашања од материјалното и финансиското работење на Факултетот, беа разгледувани барања и донесувани одлуки за надоместоци на вработените, како и барања на студентите за финансирање на дел од нивните програмски активности, носени се одлуки за јавни набавки, планот за јавни набавки, инвестицискотo и тековното одржување на Факултетот, разни процедури, одлуки за измена и дополнување на ценовникот на услуги, формирање на работни тела и комисии, патсувања во странство на конгреси, семинари, симпозиуму, одлуки за обуки и други акти во надлежност на Деканатската управа.

## 11. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на гореизнесените податоци, може да се заклучи дека деканот со Деканатската управа работат на реализација на програмата поднесена за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и на Стратегијата за развој на ФВМС.

Со превземените активности деканот заедно со Деканатската управа каде имаат постигнато исклучително и значителни резултатати во сите полиња на делување (настава, наука и апликација) кои допринесуваат за унапредување на дејностите на работа на Факултетот.

Деканот работата ја извршува врз основа на почитување на Законот за високото образование, законските подзаконските акти од областа на финансиското работење во Република Северна Македонија како и актите и другите нормативи врз кои работат Универзитетот и Факултетот.

Декан
проф. д-р Лазо Пендовски